**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Осумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 октомври 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по Осумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нелко Стојановски, Весна Борозан, Емилија Костадинова, Славица Станковска, Ванчо Георгиев, Рафет Муминовиќ, Кенан Хасипи, Али Ахмети, Абдулаким Адеми, Мендух Тачи, Зиди Џелили, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Коце Трајновски, Орданчо Тасев, Ганка Самоиловска Цветанова, Илија Китановски и Трифун Костовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Бидејќи на списокот се потпишани 31 пратеник за присуство, објавувам пауза од половина час.

Значи продолжуваме во 10,30 часот.

(По паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни доволен број пратеници, значи 62 пратеника.

**Продолжуваме по точка 22 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија, со Предлог на закон.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 59 гласале за, нема воздржан, 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија.

Почитувани пратеници,

Врз основа на член 74 како претседател предлагам 23 -тата точка Предлог за донесување на закон за следење на комуникациите, со Предлог на закон да се разгледува како последна точка, значи да биде 24-та, а 24-та да биде 23-та.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 60 гласале за, нема воздржан, 2 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Минуваме на точка 23 - Предлог за донесување на Закон за заштита на лични податоци.**

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за заштита на лични податоци.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, за заштита на лични податоци, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи.

Оваа трета точка не е потребна, немавме расправа.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 62 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 24 - Предлог за донесување закон за следење на комуникациите, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 1 од Амандманот ЏИЏ на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за внатрешни работи.

Повелете.

СИЛЈАН АВРАМОВСКИ:

Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Донесувањето на Законот за следење на комуникациите произлезе како реална потреба законски да се уреди и да се дефинира една многу специфична и суптилна област која задира во приватната сфера и ги тангира човековите слободи и права и во основа значи нивно ограничување заради остварување на јавниот интерес.

Со амандманот ЏИЏ на Уставот на Република Македонија, прогласен од Собранието на Република Македонија на 26 декември 2003 година, со кој беше изменет член 17 од Уставот, се создаде уставен основ за отстапување од правото на неповредливост на писмата и на сите други облици на комуникација. Врз основа на одлука на суд, под услови и во постапка утврдена со закон, ако е тоа неопходно заради спречување и откривање на кривични дела, заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната од страна на Републиката.

Од една страна, со предложениот Закон за следење на комуникациите се утврдува цврста правна рамка со која ја ограничува можноста од одредени злоупотреби во сферата на приватноста на човекот и граѓанинот од страна на самите државни органи, а од друга страна се создаваат услови за ефикасно спротивставување на современите облици на криминалитет, особено во сферата на организираниот криминал, недозволената трговија со дрога, оружје и бело робје, тероризмот, современите облици на шпиунажа и други потешки форми на криминалитет.

Порастот на организираниот криминал кој добива нови форми во светски рамки, како и потребата современите држави ефикасно да се спротивстават на сите негови појавни облици ги принуди современите казнени законодавства да посегнат по нови

методи и средства за откривање на разните облици на криминал во една рана фаза, односно во една досега најчесто неказнива фаза, во фазата на самото подготвување.

Новите специјални истражни техники кои се повеќе се користат во европските држави во последните години, меѓу кои спаѓа и мерката следење на комуникациите, создаваат објективна можност органите на кривичниот прогон, не само декларативно, туку и фактички преку нивната примена превентивно да дејствуваат.

Во таа насока, Република Македонија следејќи ги стратешките определби за асоцирање во европските институции и во оваа област мора да изврши хармонизација на своето законодавство со законодавството на Европската Унија, односно да ги имплементира одредбите од меѓународните конвенции и договори со Унијата, а особено Европската Конвенција за човекови права и препораките на Советот на Европа во оваа област.

Во современите услови е евидентно дека со брзиот развој на информатичката технологија расте и стравот кај граѓаните од можностите за нејзина злоупотреба од с трана на големите компании, државните агенции и за приватните лица. Иако, продирањето во личната сфера на граѓаните можат да бидат различни и раководени од различно мотиви, сепак ова за последица го има губењето на правото на приватност на граѓаните.

Меѓутоа, она што мора да се има предвид е дека донесувањето на Законот за следење на комуникациите, покрај обезбедувањето на правна заштита на правото на приватност на граѓаните, ќе овозможи и воспоставување на баланс меѓу јавниот и приватниот интерес.

Имено, од една страна постои оправдан страв дека преку следење на комуникациите се загрозува приватноста на граѓаните, меѓутоа од друга страна во современи услови следењето на комуникациите претставува клучен извор во прибирањето на информации за криминалните активности кои ја загрозуваат безбедноста во државата, а ова е предуслов за непречено остварување на уставно загарантираните слободи и права на човекот и граѓанинот.

Воспоставувањето на рамнотежа помеѓу законскиот инструментариум за превенција, контрола и спротивставување на криминалитетот и законската заштита на индивидуалните права и слободи на поединецот е гаранција за постоењето на една демократска држава.

Со донесувањето на Законот за следење на комуникациите се настојува нормативно - правно да се регулираат одредени аспекти на заштитата на приватниот

интерес, односно да се овозможи заштитата на слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација, прецизно да се утврдат условите и постапката за отстапување од ова начело, начинот на постапување со информациите, контрола на законитоста во следењето на комуникациите, а воедно ефикасно да се одговори на современите облици на криминалитет.

Потребата од донесување на Закон за следење на комуникациите е во непосредна врска со потребата да се контролира влијанието на државата, а нејзиното право да се отстапи од начелото на слобода и неповредливост на комуникациите да се поведе под цврста законска рамка, што е гаранција од можните злоупотреби.

Со цел изнаоѓање на квалитетни законски решенија за поконцизно одредување на прашањето на заштита на слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација, активно учество зедоа претставници од Врховниот суд на Република Македонија, Јавното обвинителство, Министерството за правда, професори од Правниот факултет при Универзитетот “Кирил и Методиј”, претставници од партијата на ВМРО-ДПМНЕ, работници од Министерството за внатрешни работи, кои дадоа свој придонес во изработка на финалната верзија на Законот со богато искуство во областа на правните науки, ги усогласија своите ставови.

Во досегашните активности беше одржана јавна расправа на тема “Закон за условите и постапката за следење на комуникациите”. Учествуваа, покрај активните учесници во изработка на Законот и претставници од Министерствата на Владата на Република Македонија, Народниот правобранител, претставници од невладини организации во Република Македонија, координаторите на политичките партии во Собранието на Република Македонија, други претставници од разни сфери на општественото живеење, со цел испитување на јавното мислење во врска со понудените нормативни решенија, како и разгледување на евентуални забелешки, размислувања и сугестии.

Резултатот од јавната расправа одеше во насока што присутните ја изразија својата поддршка за утврдување на цврста правна рамка, со која ќе се ограничат потенцијалните можности за злоупотреба во сферата на приватноста на човекот и граѓанинот од страна на државните органи.

Истовремено, државниате органи практично ќе ги операционализираат нормативните решенија со овој закон со цел позитивни резултати во борбата против современите облици на криминалитет кои ја загрозуваат безбедноста и одбраната на земјата.

Нашиот предлог е согласно член 152 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Предлогот на законот да се разгледа на истата седница на Собранието, на која ќе се разгледува и Предлогот за донесување на закон за следење на комуникациите.

Имајќи го предвид горе споменатото односно јавната расправа и произлезената поддршка на истата и дека не се работи за сложен и обемен закон. Сметаме дека Законот треба да оди во една фаза.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Караџоски, процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе,

Во името на пратеничката група по овластување на заменик координаторот, барам еден час пауза. Во меѓувреме да ни се подели стенограмот за да имаме поквалитетна расправа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, јас во мое име ја давам таа пауза.

Ги молам службите да го симнат стенограмот.

Објавувам пауза од еден час.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,50 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Стенограмот Ви е поделен, го молам и претставникот на Владата да биде присутен во салата.

Прв за дискусија е пријавен пратеникот Наташа Бикова, а нека се подготви пратеникот Благој Голомеов.

НАТАША БИКОВА:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

На 26 декември 2003 година нашиот парламентерен состав со двотретинско мнозинство го усвои Амандманот XIX со кој беше заменет постоечкиот член 17 од Уставот на Република Македонија.

Ако Уставот поточно Амандманот XИX ја дава генералната рамка во која граѓаните можат да ја заштита слободата и тајноста на комуникациите, разработката и операционализацијата на оваа одредба ја наоѓаме токму во Законот за следење на комуникациите и Законот за кривична постапка.

Токму денеска ние расправаме по Предлогот за донесување на Законот за следење на комуникациите за кои сум сигурна, почитувани колеги, дека побудува интерес кај секого од вас.

Со овој закон децидно се утврдени условите и постапката за отстранување од начелото на неповредливоста на тајноста на комуникациите, начинот на постапување, чување и користење на добиените информации и податоци, како и контрола на законитоста на следењето на сите видови на комуникации.

Затоа, слободно ќе констатирам, дека овој закон овој закон претставува прецизно нормативно уредување на една исклучително чувствителна и како што кажа министерот, специфична и суптилна сфера. Но, исто толку поддеднакво битна сфера како за заштитата на основните човекови права и слободи така и за безбедноста и одбраната на државата.

Сите ние сме свесни дека само стабилна и безбедна Македонија која има доволно ефикасно и независно судство и борбата на нашата држава против организираниот криминал, недозволена трговија на дрога, оружје и бело робје, тероризам и корупцијата како апсолутен приоритет се главни предуслови за да постигнеме напредок и да го најдеме своето место во Европа.

Затоа е неопходно во согласност со европските барања да се инкорпорираат современите мерки на полициско дејствување во нашето законодавство со чија помош значително ќе се зголеми ефикасноста во превенцијата и контролата на сите видови криминалитет.

Еден од експертите присутен на сесијата на Комисијата за одбрана и безбедност ќе го цитирам рече дека: “Нашата тенденција и потенцијали одат во насока дури и кон предвидување на извесен проблем во државата, што секако ќе најде свое место во Законот за упрвување со кризи”.

Во овој контекст мора да се каже дека криминалците се инвентивни, меѓународно добро организирани, немаат никаков проблем ниту со својата национална и верска припадност, ниту со јазикот на кој комуницираат. Тие ги користат најсовремените достигнувања на информатичката технологија и имаат една заедничка цел, а тоа е остварување на профит.

Таквите криминални приноси почитувани колеги доколку не се запленат се користат понатаму за “легални бизниси” и се разбира за корупција.

Понатаму во анализите што успеав да ги прочитам се почесто се среќава формулацијата дека постојано се соочуваме со наплив на нови појави и облици на кринималитет за кои заеднички епитет е максимално софистициран. Но, од друга страна стои фактот дека доволен број лица од Министерството за внатрешни работи поминале голем број на тренинг курсеви и обуки организирани од светски развиените полициски организации во чии рамки ги проучиле современите методи за борба против современите видови на криминалитети. Притоа, нивното незадоволство е сосема оправдано, поради фактот што поседуваат сознанија и знаења кои не можат да ги имплементираат токму поради тоа што не е донесен законот за кој денеска расправаме.

Ова е уште еден аргумент за оправдување на итноста и потребата од донесувањето на Законот за следење на комуникациите.

Почитувани пратеници, донесувањето на овој закон ќе овозможи следење на комуникациите само врз основа на одлука на суд и во децидно пропишана постапка под концизно утврдени услови кога е тоа неопходно утврдено заради спречување или откривање на кривични дела заради водење на кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на државата.

Со овој закон е предвидено практицирање на доволно независен судски надзор, но наметнува огромна одговорност на судиите.

Доколку се премногу либерални во давањето на дозвола, граѓанските права ќе бидат во извесна мера загрозени, а ако се премногу конзервативни битката за криминалот ја губи ефикасноста.

Овде дозволете почитувани колеги да ја цитирам препораката од претставникот на Советот на Европа во чија организација се одржа Конференцијата на тема “Примена на специјални истражни мерки” која претходеше на уставните измени. Цитирам:

“Полицијата, а исто така и правосудството мора да бидат свесни дека тие се во служба на општеството, правата и слободите на граѓаните поединци, мора да се почитуваат, ова е тешка рамнотежа, но не е нова за Европа ниту пак за светот. Сите ние сме во костец со слични прашања, а меѓународниот пример особено во рамките на Советот на Европа ќе ви помогне во таа битка”.

Во оваа смисла мора да се каже дека Република Македонија како држава во која една од основните стратешки цели е асоцирање во Европската унија и со овој Предлог на закон врши хармонизација на своето законодавство со законодавството на Европската

унија имплементирајќи ги одредбите на меѓународните конвенции и договори на Унијата, а особено Европската конвенција за човекови права и основни слободи и препораките од Советот на Европа.

Правото на припадност е една исклучителна сфера и од исклучителна важност за човековата среќа и треба да се третира како основно човеково право. Тоа го заштитува поединецот од дејствијата на јавната власт и јавноста генерално и од другите поединци. Од друга страна во модерните општества правото на приватност, како и останатите права, не е без ограничување. Тука доаѓа до судир на јавниот интерес и интересот на граѓанинот. Сите ќе се согласиме дека демаркациона линија помеѓу овие интереси е многу тешко да се повлече, не може едноставно да се прифати тезата дека таму каде почнува јавниот живот завршува приватниот.

Со оглед на тоа дека се работи за круцијални слободи, проблемите за одржување баланс се многустрани и сложени затоа што бараат комбинација на методи, формулација на правила и што е најбитно донесување на соодветно законодавство.

Затоа донесувањето на Законот за следење на комуникации почитувани колеги треба да го сватиме како неминовност. Условите во кои јавната власт може да ја ограничи приватноста на граѓаните е рамковно определена токму во членот 8 од Европската конвенција за човекови права и основните слободи.

Сега сакам да ги истакнам есенцијалните моменти од Законот особено од аспект на запознавање на јавноста со истите. Најважно во целата постапка за следење на комуникациите е одобрување на примената на оваа мерка и тоа единствено од надлежен суд и врз основа на барање за донесување наредба за следење на комуникациите од надлежниот јавен обвинител.

Убедена сум дека ваквото решение ги сведува на минимум можните злоупотреби и овозможува строго законски дефинирана постапка со утврдени рокови и двостепеност на донесувањето на одлуката, односно контрола од кривичен совет на надлежниот суд во случај кога овластениот истражен судија го одбие барањето за донесување на судска наредба од јавниот обвинител.

Заштитата на комуникациите на адвокатот одреден за бранителот со лицето чии комуникации се предмет на следење потоа на комуникациите на кабинетот на претседателот на Собранието на Република Македонија, претседеателот на Владата и на пратениците се секако позитивни и во насока на заштита на службените комуникации, а не на нивните комуникации во целост.

Ова практично значи дека во духот на уставното начело на еднаквост на граѓаните што е регулирано во членот 9 од Уставот на Република Македонија ни една категорија на граѓани нема привилегиран статус. Значи, секој осомничен дека е сторител на кривично дело за кое е пропишана казна затвор од 4 години или кривично дело за кое е пропишана казна затвор до 5 години, како што определува член 8 од Предлогот односно секој оној за кој постои основано сомнение дека подготвува извршување на кривично дело против државата, вооружените сили или против човечноста и меѓународното право содржано во член 29, може да биде предмет на оваа специјална истражна мерка на начин и постапки утврдени токму со овој закон.

Предлогот го утврдува времетраењето на следењето на комуникациите 30 дена од денот на донесување на наредбата и можноста за неговото продолжување до 90 дена, со посебно образложен предлог.

Исто така се регулира и постапката за достапноста на наредбата, спроведување, чување, доставување и користење на собраните податоци, како и временските рокови и начинот на ништење на собраните податоци.

Како мошне важен дел од предлогот е посебната глава во која го регулира следењето на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на земјата.

Кривичните дела против државата, против вооружените сили и човечноста и меѓународното право како тешки кривични дела се посебно санкционирани во самиот Кривичен законик дури и со казна доживотен затвор. За нивните сторители односно за сите за кои постои основано сомнение дека се извршители или подготвувачи на истите, постои посебна постапка утврдена во оваа глава на законот во која како надлежни органи за поднесување на барањето за следење на комуникациите се највисоките државни органи, министерот за внатрешни работи и министерот за одбрана.

Времетраењето на следењето на комуникациите поради самата природа на кривичните дела е предложено да траат од три месеци односно најдолго една година.

Што се однесува до главата Надзор и контрола, сакам да истакнам дека предложеното решение за формирање комисија во персоналниот односно политичкиот состав кој се предлага од редот на пратениците отстранува секакво сомнение за можни злоупотреби на оваа мерка следење на комуникациите.

Почитувани пратеници, оценувајќи го Законот како современо право за заштита на приватноста нормално е да очекуваме анулирање до максимум на можните неправди во поглед на следење на комуникациите на граѓаните за политички цели.

Уште понормално е да очекуваме да биде гарант за законито и одговорно работење на полицијата и на другите безбедносни служби. При преземање на активности кои ја поврзуваат и нарушуваат приватноста на граѓаните. Ова ќе резултира со успешен баланс меѓу приватниот и јавниот интерес на државата. Нормално е да очекуваме ефикасно да одговориме на современите облици на криминалитет со амбиција за превенција и како што кажав дури предвидување на извесен криминал.

Конечно, апроксимација на нашето со европското законодавство токму со вака прецизно дизајнирани услови и начини на ограничување на приватноста за точно определени цели и само врз основа на одлука на суд во специјален закон.

Сосема за крај почитувани колеги сметам дека изнесов доволно аргументација за да заклучам дека со поддршката на овој закон за следење на комуникациите даваме поддршка на градењето на легислатива на Република Македонија која ќе биде компатибилна со меѓународните решенија и со решенијата на високо развиените демократски држави.

Го поддржувам донесувањето на овој закон по скратена постапка.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бикова.

Повелете господите Голомеов, а потоа на ред е пратеникот Зоран Томиќ.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Потребата од донесување на еден ваков закон со кој прецизно ќе се уреди начинот и постапката за нарушување на уставно загарантираната слобода и неповредливост на сите облици на комуникација како една од основните придобивки на човековите слободи и права беше констатирана и елаборирана во овој Парламент уште при изгласувањето на амандманот XIX со кој се измени членот 17 од Уставот на Република Македонија. Тоа беше во декември минатата година.

Тогаш јасно констатиравме дека Република Македонија како и сите други земји во регионот и пошироко во својот демократски развој се судрува со нови форми на криминал кои по својата природа и организираност ги надминуваат рамките на класичните методи за борба против истите.

Се поприсутните тешки облици на криминал, се поразвиените облици на организирана криминал кој многу често е транснационален, посебно во делот на

трговијата со луѓе, наркотици, оружје и валкани пари, потоа тероризмот и современите облици на шпијунажа неминовно ја наметнува потребата за унапредување и осовременување на средствата и методите во борба против истите.

Софистицираните технички средства кои овозможуваат следење на сите видови на комуникација во денешни услови се неопходни за превентивно попречување и откривање на тешки облици на криминал. Но, исто така, констатиравме дека е неопходно потребно цврста законска рамка со децидно утврдени одредби за да се контролира влијанието на државата и нејзиното право за отстапување од начелото на слобода и неповредливост на комуникациите.

Целта е на тој начин да се елиминираат или сведат на минимум сите можно злоупотреби кои во една ваква чувствителна сфера се и те како можни.

Поради сето ова во членот 17 од Уставот на Република Македонија јасно беше дефинирано дека цитирам: “Само врз основа на одлука на суд под услови и во постапка утврдени со закон, може да се отстапи од правото на неповредливост на писмата и на сите други облици на комуникација ако е неопходно заради спречување или откривање кривични дела заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите за безбедноста и одбраната на Републиката”. Од тогаш помина скоро една година, јас би рекол на вакум период во кој оваа уставна одредба можеше да биде злоупотребена во отсуство на јасна и прецизна законска регулатива со јасни и прецизни контролни механизми.

Почитувани пратеници, денес пред нас се наоѓа Предлогот за донесување на закон за следење на комуникациите со Предлог на закон. Тоа значи дека предлагачот има намера овој законски проект да помине во една фаза. Веднаш сакам да го искажам својот став по ова прашање, поаѓајќи од фактот дека се работи за исклучително значаен закон кој задира во уставно загарантираните човекови права и слободи како најголеми придобивки на една модерна, демократска земја, без разлика на сложеноста, овој закон би требало да се донесе во една нормална собраниска процедура.

Од друга страна го почитувам образложението на претставникот на предлагачот кое беше изнесено на седница на матичната комисија, тоа е Комизијата за одбрана и безбедност дека при изготвувањето на овој законски проект во една крајно транспарентна процедура биле консултирани и активно учество имале сите релевантни фактори почнувајќи од претставници на Врховниот суд на Република Македонија преку Јавното обвинителство, Министерството за правда, професори на Правниот факултет,

претставници на најголемата опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ, а со цел испитување на јавното мислење, беше одржана и јавна расправа.

Мора да признам дека се работи за навистина квалитетно законско решение кое на седница на матичната комисија ги издржа сите изнесени реални и претпоставени критички осврти кои беа стопроцентно во насока на максимално скратување на можностите за злоупотреба и јасно и прецизно дефинирање на комплетната законска процедура со акцент на контролните механизми.

Ова, а и фактот дека е направен голем временски вакум од измената на Уставот до денес ни дава доволно аргументи за прифаќање на препораките на предлагачот законот да оди во скратена постапка, но само под услов ако за тоа постигнеме консензус сите овде во салата, бидејќи се работи за закон кој треба да се донесе со двотретинско мнозинство, но уште повеќе бидејќи се работи за закон кој е исклучително значаен и според мене не би требало да го донесеме со било какво надгласување.

Инаку, законот се состои од пет концизни целини што дефинираат јасна и недвосмислена процедура и цврста правна рамка со која што се ограничуваат потенцијалните можности за злоупотреба на приватноста од страна на државните органи што практично се овластени и повикани да ги операционализираат нормативните решенија на законот.

Посебно би го истакнал членот 6 со кој што се санкционира правото на лицето чии комуникации се следени да ја оспорува автентичноста на собраните податоци и законитоста на постапката за следење на неговите комуникации во постапка утврдана со Законот за кривична постапка на Република Македонија.

Потоа, членот 24, со кој што се обврзува судот, по донесување на решението за спроведување на истрага, да го повика лицето чии комуникации биле предмет на опсервација, во рок од осум дена да дојде, заради запознавање со материјалот во врска со следењето на неговите комуникации.

Членот 28 со кој што се санкционира правото на надомест на штета на лицата кои евентуално ќе бидат прислушувани спротивно на одредбите на овој закон, при тоа се дефинира кратка и со рокови прецизна постапка преку која се доаѓа до обештетување, без можност за одолговлекување и разводнување на постапката.

Исто така, во Глава ИВ - Надзор и контрола, во членовите од 35 до 40 јасно и децидно е разработен контролниот механизам врз Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана што го остварува Собранието на Република Македонија преку петчлена комисија составена од пратеници, а на чие чело стои пратеник од

политичката партија од опозицијата, што на последните парламентарни избори освоила најмногу пратенички мандати.

Сето ова спомнато, заедно со прецизната и недвосмислено утврдена постапка и услови за следење на комуникациите за откривање и гонење на сотрители на кривични дела од страна на истражен судија, во Глава ИИ и Глава ИИИ
каде што се прецизни, недвосмислено утврдени условите и постапката за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на земјата, го прават ова законско решение исклучително квалитетно и заслужува поддршка од сите пратенички групи.

Поради сето ова, пратеничката група на Либерално-демократската партија во целост ќе го поддржи истото.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Голомеов.

Повелете господине Томиќ, а потоа на ред е пратеникот Спиро Мавровски.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги пратеници,

Сето она што значеше потреба од донесување на овој закон го искажаа претходните двајца дискутанти. Во тој дел, навистина, не би имал ништо да додадам. Мислам дека и експозето, односно воведното излагање на министерот беше сосема солидно и ни кажа од кои причини имаме потреба од носење на ваков закон. Тоа што би сакал сега да продискутирам е спротивно од претходните двајца дискутанти, тоа се моите дилеми во поглед на овој закон во одделни одредби што исто така мислам дека се од битен карактер, а се однесуваат пред се на правата и слободите на граѓанинот, што предлагачот верувам дека го имал во предвид. Меѓутоа, конкретната реализација на овој закон во современиот, во секојдневниот живот ќе покаже веројатно и на предностите но и на слабостите што самиот закон ги нуди.

Имено, прва моја забелешка што би ја дал, а исто така би го поттикнал предлагачот да размисли, е тоа што кај мене претставува членот 4, а тоа е службената тајна. Имено, податоците од следење со комуникациите, во согласност со наведениот член, претставуваат службена тајна. Меѓутоа, се поставува прашањето, ако се има предвид понатамошните одредби од законот со кои што на дециден начин се предлага начинот на кој, доколку во рок предвиден од страна на судот, дали е тоа 30 или 90 дена, не се дојде

до податоци дека одредено лице извршило кривично дело, или требе да се гони за одредено кривично дело или ја загрозува безбедноста на земјата или согласно постапката предвидена во законот, службените податоци ќе се ништат, претставува едно големо практично прашање - што ако тие податоци дојдат до лицето кое е следено? Не претставува ли тоа една голема опасност од побарување, бидејќи се задира во слободите и правата на човекот, што би имало понатамошни реперкусии?

Втората моја забелешка што исто така кај мене претставува дилема, дали рокот од 30 дена е сосема доволен рок за следење на лица кои организираат одредено кривично дело или станува збор за безбедноста на земјата

Ова го поставуам од два аспекти. Едниот аспект е начинот на кој што ќе се врши следењето на комуникациите, значи постои ли таква техничка можност и второ, бројот на лицата кои би биле вклучени во таа постапка? Значи, тука се во игра судијата, обвинителот и тн.

Претпоставувам, бидејќи кажав министерот во воведот вршена е консултација со одредени експерти по таа област и предвидуваат дека рокот од 30 дена е сосема доволен, јас лично мислам дека таквиот рок можеби би бил прекус, особено ако се има карактерот на одделни кривични дела, посебно во сферата на безбедноста на државата.

Конечно, посебно би сакал да ја пофалам одредбата каде што се предвидува дека надзорот над спроведувањето на законот и на сите одредби предвидени во него ќе го врши Собранието на Република Македонија и тоа во комисија составена од пет членови, при што три ќе бидат од редот на опозицијата, што мислам дека е тоа многу добра одредба, бидејќи на тој начин ќе се гарантира поголема слобода на сите лица кои се движат.

Имаше и една терминолошка забелешка, мислам дека тоа е изнесено и на ЗПК, тоа е оние одредби каде што се класифицираат одредени категории и поими содржани во законот, недостасува една категорија, а тоа е “лие што се следи”. Значи, мораме да имаме и дефиниција за кое лице станува збор.

Мислам дека тоа не се забелешки од некој голем аспект, меѓутоа би биле во правец на подобрување и на самиот текст на законот од една страна, а од друга страна мора да се обрне внимание за која точно цел ќе биде лицето следено во поглед на комуникациите и сите работи што ги превзмаат, а особено дали границата за која што зборуваа двајцата мои претходни колеги, која е границата помеѓу приватноста и помеѓу јавноста?

Сепак, морам да кажам дека станува збор за исклучително важен закон. Мислам дека законот е јасен, краток, содржаен, се состои од 43 членови. Се разбира дека ова, по мое мислење, претставува еден голем исчекор, бидејќи за овие 14 години независност ова е прв закон од ваквата област и на тој начин се приближуваме кон законодавството на Европа. Мислам дека Собранието направи еден голем исчекор што во декември минатата година го усвои Уставниот амандман XIX, што е практично подлога за овој законски проект, но со други зборови мислам дека можеби, можеби тие забелешки што ги искажав ќе придонесат законот да биде и поквалитетен, но тоа што за мене е побитно, практичната реализација на овој закон во конкретниот живот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Томиќ.

Повелете господине Мавровски, а потоа на ред е пратеникот Цветанка Иванова.

(Пратеник се јавува за реплика).

Имате реплика по ова?

Повелете господине Стојаноски, три минути реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе, ќе бидам пократок.

Сметам дека многу коректно господинот Томиќ ги искажа видувањата по однос на предложениот закон и особено по однос на значењето на овој закон, затоа што се работи за заштита на човековите права и слободи, што претставува еден од основните вредности што мора да ги има секое демократско општество, а тие мора максимално да бидат заштитени.

Балансот помеѓу заштитата на тие човекови права и слободи и правото да не се наруши неповредливоста на комуникациите меѓу граѓаните на Република Македонија е една многу значајна тематика, така да се изразам во која што навистина, како Собрание, како Парламент не можеме во една фаза доволно добро, доволно значајно да го направиме тоа. Затоа сметам дека добар предлог ќе беше доколку се искажеше овој закон да оди во две фази, односно ова да биде само Предлог за донесување на закон, затоа што не држи образложението дека не се работи за сложен и обемен закон, туку се работи за закон што директно ги засега основните демократски вредности, а тоа се човековите права и слободи во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Томиќ, една минута контра реплика.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Само накратко, мислам дека во поглед на мојата дискусија оваа реплика не се однесуваше. Ова беше повеќе во вид на дискусија дали треба да оди во една или во две фази.

Само би нагласил дека во сите фази на договарање и составување на овој Предлог на закон беа активно вклучени и претставнците на опозицијата. Искрен да бидам, и кај нас, да речам од парламентарното мнозинство, постоеше една одредена дилема дали да се оди во една или во две фази. Меѓутоа, од претставникот на предлагачот на ЗПК беше токму овој факт изнесен, а тоа е дека во сите фази на предлагање, изготвување, размислување, покрај тоа што значи наука, покрај тоа што значи практика, судство, во сите фази била активно вклучена и опозицијата. Така што не гледам од кои причини би се одело во две фази.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Мавровски, а како што реков, нека се подготви потоа пратеникот Цветанка Иванова.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Почитуван министре,

Моите видувања, за разлика од видувањата на колегите кои претходно говореа во врска со законот ќе бидат можеби малку поинакви, со тоа што би се задржал на поодредени членови од самиот Предлог на зако, во кој што, еве може министерот или господата која го предлагаа законот, би ме убедиле дека е така.

Текстот на Предлогот на законот за следење на комуникации има непрецизно определени обврски и задачи на надлежните органи. Нема јасно воспоставена врска помеѓу овластените прислушкувачи и судските органи.  Недоволно се формулирани надзорот и контролата на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, што ќе бидат овластени органи за прислушкување.

Јас мислам дека и покрај сите дебати во јавноста треба текстот многу добро да се проучи и разгледа, бидејќи навлегува директно во почитувањето на човековите права и слободи, а овој закон може да има многу штетни последици за граѓаните.

Зошто го говорам ова? На едно мое пратеничко прашање "Колку дозволи од судовите се издадени за претрес во становите на граѓани во Битола", добив одговор дека вакви дозволи биле издадени 150. А, услови да се санкционира имало само во 15 случаи. Значи, 10%. Што мислам дека е недопуштено, затоа што е едно од основните загарантирани уставни права, а тоа е домот на граѓанинот. Со овие бројки, очигледно не се почитува.

Кој е предусловот да јас мислам дека сето ова ќе биде во однос на пратењето и во однос на следењето на комуникациите, дека ќе имаме регуларна врска меѓу судовите и тоа што значи прислушкување на поединци и на граѓани во Република Македонија? Што е тоа што со овој закон може да ме принуди да не размислувам во оваа насока, на злоупотреба, со што би паднале во вода сите заложби за реализација на законскиот проект?

Мислам дека судството, како клучна алка во прислушкувањето, во моментов нема капацитет да се вклучи во толку чувствителен процес. За жал, тоа го кажуваат и од Европската заедница, а многу е очигледно од тоа што последните анкети го кажуваат, од вербата на граѓаните кон судовите, а и тоа што во овие две години го гледавме во судството и сите случувања, почнувајќи од Републичкиот судски совет па се до врховните судови и уште какви се не одлуки што беа менувани во зависност од поодделни притисоци на одделни господа од власта.

Затоа, господо пратеници, нашиот избор што ќе го направиме денеска е оној со кој што пред граѓаните ја преземаме одговорноста да самите, меѓу нас, не треба да имаме дилеми.

Прашање на кое нема одговор во Предлогот на текстот е тогаш како државните органи и субјектите што ќе можат да вршат прислушкување ќе бидат ставени под контрола, за да се избегне злоупотребата?

Што се однесува до текстот на законот, јас би сакал да прокоментирам неколку членови од истиот.

Во членот 2, едноставно, можеби мене не ми е јасно, бидејќи не сум правник, но се обидов и тоа што значеше објаснување на овој член - никој не смее без наредба на надлежен суд да врши следење на комуникаците, освен ако се наменети или постои согласност на лицето или лицата кои се вклучени во комуникацијата. Во однос на ова

објаснување, во однос на тоа што беше дадено во самиот закон стои - Согласно одредбата на член 2, единствено надлежен орган за одобрување на примената на мерката следење на комуникации е судот. А, според оригинерното толкување на законот, примената на мерката е врзана со лицето чија комуникација се следи, а не за сопственоста на средствата за комуникација, со што умешно се исклучува противправноста при снимање на личните комуникации и, воедно, се дозволува примена на мерката и без наредба од судот, по однапред дадена согласност на лицето односно лицата кои се вклучени во комуникација. И покрај моите заложби да го сфатам сето ова, испаѓа дека лицето или лицата кои се во комуникациите, може да го направат тоа и без одлука на судот. И, тоа право им се дава.

Во членот 4 - Податоците собрани со овластено следење на комуникациите и регистрите во врска со нив имат тајна на службена тајна и се под посебен режим на заштита. Сето ова е добро. Ова се пропишува со закон. Но, што е со оној кој почнува да ги прибира податоците? Телекомуникации? Колку тука може да се направи таа заштита и колку тоа би профункционирало, затоа што следејќи ги денешните современи средства на телекомуникации, мислам дека е многу тешка таа контрола и давањето карактер на службена тајна во организации што се надвор од контролата на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана.

Во членот 8 - Дали основано сомнение, следењето на комуникации на одредено лице, судот може да нареди кога постојат основи на сомневање дека тоа лице е сторител на кривично дело за кое е пропишана кривична казна затвор од најмногу четири години. Дали основаното сомневање за казна затвор од четири години, дали тоа значи дека и сите ситни криминалци ќе бидат предмет на прислушкување, мислам дека власта, државата во случајов, треба да се сконцентрира на она што е организиран криминал, поврзано со странски организации, борба против рушење на уставниот поредок и сето она што во моментот ни се случувало и се случува и за што треба да се избориме. А не да се претвориме во некоја јавна прислушкувачка држава каде што, поради основано сомнение, секој секого може да прислушкува. Дали тоа понатаму ќе биде злоупотребено или не, останува да покаже времето.

Во членот 10, во ставот 2 - Доколку е неопходно да се влезе во дом или други простории или превозни средства заради инсталирање, одржување, употреба или отстранување на средства за следење на комуникации, мислам дека со помош на најновите технологии што сигурно ги поседува и Министерството за внатрешни работи, добро, претпоставувам, мислам дека ги имате, мислам дека влегувањето во становите на

граѓаните апсолутно не е потребно. Претставува уште едно кршење на уставните права на граѓаните, затоа што најсовремените софистицирани средства за прислушкување знаеме дека едноставно функционираат и на многу поголеми далечини и растојанија отколку што треба да се инсталира, како што гледавме во многу такви филмови што се дамнешно минато време.

Понатаму, во членот 12, говорите - истражниот судија ќе го одбие барањето за следење на комуникации, ако тоа се однесува на комуникациите на адвокатот определен за бранител со лицето чии комуникации се предмет на следење, на комуникациите што се вршат во службените простории на претседателот на Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата и на комуникациите што се вршат во службените простории на пратениците во Собранието на Република Македонија.

Доколку се прави сето ова, значи и претседателот на државата и претседателот на Собранието на Република Македонија и премиерот и сите пратеници можат да бидат прислушкувани, не гледам причина ова да се однесува или да не се однесува само на адвокатот определен за бранител. Мислам дека тука треба да се дефинираат и службените простории на пратенците во Собранието на Република Македонија, дали се само тие, дали во овие простории треба да влезат и просториите каде пратениците ги примаат граѓаните, бидејќи и тие се дел од работењето на пратениците и сигурно дека многу од граѓаните доаѓаат, со тоа што сигурно не би сакале да бидат прислушкувани, ги кажуваат своите проблеми, своите побарувања од нас пратениците, така што мислам тука треба да се дефинираат службените простории на пратениците во Собранието на Република Македонија.

Во членот 18 став 3 “трошоците предизвикани со следење на телекомуникациите преку телекомуникацискиот систем се исплаќаат од буџетските средства на МВР, врз основа на договор склучен меѓу министерот за внатрешни работи и правното лице што врши комуникациски услуги”. Јас сега ќе кажам, бидејќи тоа се буџетски средства, пари на граѓаните, што ако нема никаков резултат од било кое следење, после завршување на следењето, на она што судот, или некој што побарал, да се пратат одредени активности. Тоа може да трае 30 дена, може да трае 3 месеци, или во продолжение како што кажавте и 6 месеци. Што после тоа доколку нема апсолутно никакви резултати. За се тоа треба да има некоја одговорност и за сето тоа треба да се знае што и како после тоа.

Понатаму во член 24 “по донесувањето на решение за спроведување на истрага, судот го повикува лицето чија комуникација е следена, да дојде во судот во рок од 8 дена

заради запознавање со материјалот во врска со следењето на неговите комуникации". Што ако тоа лице и понатаму продолжува да се следи, кога тој знае веќе дека има материјали од следењето и како понатаму вие ќе го следите уште 30 дена или уште три месеци, кога тој е запознаен дека е следен. Дали неговите комуникации ќе се остваруваат, како што се остварувале до тогаш, или е запознаен со одредени ситуации. Апсолутно мислам немаме иста ситуација, како пред запознавањето така и после запознавањето. Мислам дека тоа треба да се дефинира.

Понатаму во членот 34 каде кажувате дека уништувањето на податоците, како се ништат и како е тоа предвидено со Закон, мислам дека и тука треба да се направи комплетна заштита за вакви податоци, едноставно да не го видат тоа што многу од граѓаните се заинтересирани да го видат и покрај тоа што во голем број ситуации тоа се повеќе криминални работи. Другото што е за извршување на работи, мислам дека МВР и Министерството за одбрана ќе треба да си ги имаат тие податоци.

Понатаму, во однос на 4-та глава -Надзор и контрола, колегата Томиќ кажа дека тоа е добро, дека оваа Комисија ќе биде составена од 5 члена, дека 3 члена ќе бидат од опозиција, 2 члена од позиција. Јас во секој случај не мислам, ако се пратениците од позиција или од опозиција и од Парламентот дека тоа е најдбориот начин да се врши надзор врз работењето. Можеби е подобро и позицијата и опозицијата да постават некои стручни луѓе кои се разбираат во оваа проблематика и кои можат да го следат, а за истото да дадат информација до оваа Комисија која ќе биде во Собранието на Република Македонија, бидејќи и во членот 37 каде кажувате , мандатот на претседателот и членовите на Комисиајта на овој закон, трае 4 години. Доколку сега се донесе овој закон, мандатот на пратениците, веќе половина од овој мандат им е поминат, така што ќе дојдеме во ситуација овие 4 години дали тие пратеници ќе продолжат да работат во Парламентот, или ќе треба да се изберат нови. Мислам дека тоа е една техничка работа која, можеби, е пропуштена во оваа ситуација и би било добро, доколку опозицијата ги бира овие луѓе кои се стручни во својата работа, ќе можат да ја завршат како што треба.

Последното прашање е паралелноста на работите на Агенцијата за разузнавање и контраразузнавање која во секој момент секој од нас може да го прислушкува. Јас не знам сега колку од пратениците се прислушкувани и дали се прислушкувани. Тоа е работа што сигурно си ја знае Агенцијата за разузнавање и контраразузнавање. Тоа право апсолутно не се ограничува со овој закон, значи продолжува, добиваме паралелни информации за две работи. Затоа мислам дека овие дилеми, мораме сите заедно да пронајдеме начини, вие кажувате дека цело време опозицијата била во контакт, при

донесувањето на овој закон. Но, во секој случај јас мислам дека не е на одмет, бидејќи се работи за еден доста сензитивен закон со кој се навлегува во сферата на уставните права на граѓаните, доколку е омжно да оди во две фази. И овие забелешки кои доаѓаат од повеќе места, се надевам дека и позицијата има одреден дел на забелешки и на крајот да направиме закон бидејќи денес некој е опозиција, утре ќе биде позиција. Да не доаѓаме во ситуација, вакви закони, еве и во ЕУ, во Америка и секаде, покрај сите закони што ги имаат донесено, се случија вакви хаварии, се случија работи кои промакнаа и покрај сите забелешки на големи служби кои се многу поголеми од нашето Министерство за внатрешни работи, мислам дека треба да го направиме и да биде во интерес на граѓаните, да можеме да следиме и да го заштитиме уставниот поредок на Република Македонија.

Уште еднаш ќе го замолам министерот, доколку постои можност овој закон да оди во две фази.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Мавровски,

Повелете г-дине Томиќ имате 3 минути реплика.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Внимателно го сослушав почитуваниот колега Мавровски, меѓутоа морам да реагирам во вид на реплика на две-три забелешки или излагања што ги изнесе.

Првата забелешка се однесува на членот 12. Значи да направиме една битна разлика, Бидејќи го коментираше тој член, требаше дословно да почне, истражниот судија ќе го одбие барањеето за следење на комуникации и понатаму се реди спрема кои лица и во кои простории. Тоа не значи, ако истражниот судија го одбие барањето за следење на комуникации во службените простории на претседателот на Собранието на Република Македонија или претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата, или пратениците, дека тие лица, доколку ги исполнуваат условите пропишани во овој закон, нема да бидат предмет на следење на тие комуникации. Мислам дека тоа е многу битна разлика. Затоа го потенцирам овој член.

Понатаму, кажавте една, по мене, малку симптоматична реченица. Кажувате дека и без одлука на судот може да се издаде наредба за следење на одредено лице односно на неговите комуникации. Да, тоа е точно и тоа е предвидено во член 14. Меѓутоа членот 14 став 1 кажува нешто друго. Кога станува збор за итни случаи, а кога постои опасност од предизвикување на смрт и тешка телесна повреда на едно или повеќе лица, нема материјална штета од големи размери, или кога постои опасност од бекство на лице што

е сторител на кривично дело за кое е пропишана казна доживотен затвор, може да се преземе следење на комуникации врз основа на усна наредба на судот.Но, внимавајте што потоа следи. Вели за издадената усна наредба истражниот судија изготвува службена белешка што се евидентира во судскиот регистар. Мислам дека тоа исто така е многу битно да се одбележи да не испадне дека сега некој издава усна наредба и останува на тоа.

И конечно, го коментиравте и членот 24, меѓутоа заборавивте да кажите дека по донесување на решение за спроведување на истрага, судот го повикува лицето чија комуникација се следи. Тоа е многу битно. Значи постапката веќе започнува. И, не случајно, ми се чини тоа е во интерес и на јавноста и на сите нас колеги пратеници дека овој закон е само една голема помош во Законот за кривичната постапка кој неодамна го донесовме, токму од аспектите наведени и во овој закон и во овој лекспецијалист заон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Мавровски имате една минута контрареплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван колега Томиќ, членот 14 не го коментирав, во ред е што го објаснивте. Не е проблем.

Членот 24, јас и понатаму стојам на тоа, вели - по донесување на решение за спроведување на истрага судот го повикува лицето чија комуникација е следена, да дојде во рок од 8 дена, заради запознавање со материјалот во врска со следењето на неговите комуникации. Тука е тоа. Нема што друго да коментираме.

За членот 12 кој вели - ќе го одбие барањето за следење на комуникација, ако тоа се однесува на комуникациите на адвокато, определен за бранител на лицето чии комуникации се предмет на следење, на комуникациите што се вршат во случбените простории на претседателот на Собранието на Република Македонија, на Владата и на комуникациите што се вршат во службените простории на пратениците. Затоа реков да додефинираме што значи службени простории на пратениците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Повелете г-ѓа Иванова имате збор.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Г-дине претседателе,колеги пратеници, г-дине министер,

Денес имаме на дневен ред доста сериозен закон и од прилика мојот говор по повод законот за следење на комуникации, би го систематизирала во неколку дела.

Првиот дел се однесува околу потребата за утврдување на потребата од донесување на овој закон.

Вториот дел од мојот говор се однесува на тоа во колку фази треба да се донесува овој закон.

Третиот дел од мојот говор би се осврнала на некои дилеми, забелешки и на некои аргументи и мои размислувања на дилемите кои произлегле од денешните дискусии, а и од дискусиите кои беа дадени од страна на членовите на работните тела односно на комисиските седници.

Колку е важен овој закон, почитувани колеги, зборува и самиот факт што заради создавање уставен основ за донесување на овој закон, пред една година и повеќе пристапивме кон изменување на Уставот на Република Македонија. Неспорна е тука потребата и важноста од донесување на овој закон, но сепак потребно е да се потенцира дека Република Македонија на една од претходните седници на Собранието ја ратификува конвенцијата од Палермо односон конвенцијата на ОН за борба против транс-националниот организиран криминал и со самата таа ратификација ние како држава веќе се обврзавме за сериозна и бескомпромисна борба против разните борби на организиран криминал, како што се: трговија со луѓе, наркотични средства, оружје, дури и тероризам. Меѓутоа, почитувани колеги свесни сме дека во оваа борба треба и регионално да соработуваме со сите држави и дека оваа борба против овој вид на софистициран криминал сигурно дека не може да се води со сите овие средства кои досега ни беа на располагање и дека е потребно, заради успешна борба против овој вид на криминал, да имаме основ да применуваме специјални истражни мерки односно како што популарно го нарекуваме прислушкување или сега следење на комуникациите.

Република Македонија, почитувани колеги, како што знаете е потписничка и на Конвенцијата за кривичен закон за корупција, Конвенција на Советот на Европа за истражување, запленување и конфискација на имотот, со криминал и од овие две конвенции, како и од претходната што ја спомнав, произлегува обврска Република Македонија да користи специјални истражни мерки.

Исто така, како што на сите ни е познато Република Македонија досега немаше ниту правна рамка ниту уставен основ, до пред една година, за користење и примена на овие специјални истражни средства. Заради сето тоа, како што ни е познато, во декември

2003 година ова Собрание, со донесувањето на Уставниот амандман 19 со кој се дополни членот на Уставот, 17, создадовме уставен основ за донесување на овој закон.

Сега, почитувани колеги пратеници, мислам дека тоа се доволни аргументи, а сигурна сум дека кај сите овде од нас присутни, нема дилема дека е неспорна потребата од донесувањето на овој закон.

Јас би сакала да потенцирам уште неколку работи, во прилог на потребата од донесување на овој закон, а тоа е дека, мешањето во приватноста и степенот на тоа мешање, со овој закон ше биде сведено на едно пропорционално ниво и се тоа ќе биде придружено со една законска процедура со која практично ќе биде оневозможено она што досега постојано се случуваше, злоупотреба во оваа област.

Почитувани колеги,сега ќе ги кажам моите размислувања дали овој закон треба да се донесува во една фаза, или во две фази.

Јас од оваа говорница, по повод донесувањето на низа заони сум го кажала мојот став дека секогаш, во принцип, и како пранвник и како човек, сум законите да се донесуваат во две фази, од причини што со отворањето на дискусиите по законот, практично ние преку оваа говорница, од ова Собрание ја запознаваме јавноста со решенијата, затоа што сметам дека донесувањето на еден закон во две фази значи и вклучување на разни експерти кои  секако ќе придонесат кон подобрување на текстот. Доколку оцениме, сите ние пратеници, сигурно и предлагачот, јас и понатаму ќе си останам на овој став. Меѓутоа, за овој закон, сепак би сакала да ги искажам аргументите, зошто точно за овој закон кој е многу сериозен закон, закон кој регулира една многу чувствителна материја, сепак се одлучувам можеби и да го подржам ставот, да се донесе и во една фаза.

Прво, ако ги прочитавте сите извештаи од трите комисии, од Комисијата за одбрана и безбедност, од Комисијата за политички систем и односи со заедниците, од  ЗПК, таму ќе видите дека кај сите пратеници провеја мислењето дека овој закон, заради чувствителноста на материјата што ја регулира, треба да се донесува во две фази. Меѓутоа, од страна на членовите на комисиите, се надевам на сите заради тоа што, можам тоа да го констатирам од она што е внесено во нивните записници, а посебно ќе потенцирам за членовите на ЗПК, заседовме став, оние забелешки кои сметаме дека сме сигурни во нашите мислења, ќе ги предложиме на предлагачот во форма на амандмани. Предложивмње такви, некаде околу 13, се надевам дека предлагачот ќе ги прифати подоцна во втората фаза од расправата и по оние мислења, забелешки и предлози кои навистина беа доста, а кои немавме храброст да ги предложиме во вид на амандмани, се

договоривме да ги предложиме во вид на забелешки, со барање предлагачот да размисли по овие предлози и забелешки од страна на Комисијата, а тоа е констатација на Комисијата за одбрана и безбедност и подоцна до одржувањето на оваа пленарна седница, предлагачот да си достави амандмани. И, како што гледате колеги пратеници, предлагачот навистина на 13.10.о.г. поднесе некаде околу 13 - 14 амандмани, што практично ако извршиме увид во извештаите на Комисијата за одбрана и безбедност, и ЗПК, сите оние дилеми кои беа поставени пред нас а кои немавме храброст да ги предложиме како амандмани, практично веќе се прифатени од предлагачот и се составен дел на текстот на законот. Еве зошто, ова е еден аргумент зошто јас, можеби за прв пат се согласувам и ако, пак потенцирам дека овој закон е доста чувствителен, зошто се согласувам да биде донесен во една фаза.

Понатаму, барем од она што е приложено како образложение и од она што беше дискутирано од страна на членовите на комисиите кои се припадници на политичките партии во позиција, во овој Парламент, и беше презентираон дека во изработката на текстот на овој закон, покрај тоа што учествувале еминентни експерти, учествувале претставници од Врховниот суд, претставници од Јавното обвинителство, претставници од политичките партии, парламентарните, од опозиција, поточно од ВМРО-ДПМНЕ.

Значи, ниту една одредба не направена без нивно присуство и како што имам сознание сите забелешки, мислења и предлози во постапката на подготвување на законот биле земени во предвид. Доколку тоа е така, јас сигурно дека нема зошто да имам дилема дека овој закон треба да се донесе во една фаза. А дотолку повеќе што уставниот основ за донесување на овој закон го донесовме уште пред годинаипол. Иако сите викаме дека сме прислушкувани, зошто да дозволиме уште поголем правен вакум и прислушкувањето да биде надвор од законската правна рамка.

Почитувани колеги, ова се моите мислења што не значи дека се сигурно прифатливи за сите вас, но тука сме да дебатираме за нашите мислења кои што тука ги изразуваме јавно. Во текстот предлагачот ги вградил сите забелешки од номотехнички карактер кои што не сакавме ние да ги вградиме. Во текстот особено е вградена забелешката на амандманот 3 со која што се дополнува членот 11, а со кое што се регулира рокот и правото на приговор на надлежниот јавен обвинител во случај кога истражниот судија не се согласи со барањето за следење на комуникациите. Ова што го кажа колегата Спиро Мавровски, ова е реагирање за да се избегне една правна празнина за да може после да се оценува по слободна диспозиција.

Понатаму, забелешките од кои што произлезе амандманот 6 и 7 од предлагачот. Исто така, прецизно се уредува рокот во кој што надлежниот суд е должен да ја достави наредбата за следење до Јавниот обвинител за поксано Јавниот обвинител да има можност да ги смета роковите и да постапува согласно правата кои што му се дадени со овој закон. Исто така, тука е утврден и рокот во кој што Јавниот обвинител е должен да ја достави наредбата за следењето на комуникациите до Министерството за внатрешни работи. И ова е уште една потврда на фактот, на изнесената дилема дека немало врска помеѓу Министерството и органите кои што се понатаму овластени по законот да ги следат комуникациите.

Колеги пратеници, посебно сакам да искажам едно мое задоволство што предлагачот, посебно сакам да потенцирам дека и на ЗПК и на Комисијата за одбрана и безбедност беше изложена, односно дадена една дилема околу тоа Комисијата за одбрана, односно Комисијата за надзор над спроведување на мерките од страна на Министерството за одбрана од кој треба да биде оваа Комисија составена, кои ќе бидат членови и колку ќе трае мандатот на овие членови.

Амандманот од ЗПК беше оваа Комисија согласно одлуката за основање на работни тела на Собранието да биде составена од пратеници во Собранието на Република Македонија, бидејки надзорот е така решен, надзорот над сета оваа работа го врши Собранието на Република Македонија. И бидејки членовите на Комисијата практично се пратеници, тука се решава и дилемата околу мандатот на членовите на оваа Комисија. Отука јас сметам дека предлогот дека членовите на оваа Комисија би требало да бидат експерти, за мене отпаѓа, затоа што од аргументите што претходно јас ги изложив.

Исто така од колегите пратеници имаше искажано дилема дека во членот 8 таксативно требало да бидат наведени кривичните дела за кои можат да се следат комуникациите. Во некои случаи таксативното набројување можеби значи попрецизна и постегната норма. Но во многу случаи во практиката тоа би значело и ограничување. За мене е многу добар избран начинот на одредување за кои кривични дела ќе се нареди следење на комуникациите, затоа што како критериум е земено ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Иванова, би сакал само да ве прашам уште колку имате.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВСКА:

Јас ќе се потрудам почитуван г-дине претседателе, меѓутоа вака се губи смислата ако сега прекинам. Уште пет минути јас ќе приврherшам.

Предложеното решение да се следат комуникациите кога постои основано сомневање за кривични дела за кои е пропишана казна над 4 години, или за кривични дела до 5 години, а кои што ги вршат организирана група, или банда, тоа значиземање еден критериум, еден принцип. Тоа е објектот на заштита што се нуди со пропишувањето на казната и начинот на извршување на кривичното дело.

Понатаму, беше изразена една дилема дека одредбите од овој закон да се применувале и за кривични дела во подготовка. А колегата Спиро Мавровски во неговата дискусија искажа обратна дилема. Сметам дека добро е ова решение според кое ќе се следат само оние кривични дела кои што се во тек и кои што се извршени. Затоа што почитувнаи колеги доколку си дадеме ваква можност да следиме кривични дела во подготовка, можеме да се доведеме да бидеме тоталитарна држава. Под изговорот дека се некој некогаш прави  кривично дело и се сомневаме, можеме да се доведеме во состојба сите да бидеме прислушкувани. И затоа добар е принципот, односно добро е ова решение од предлагачот да се следи комуникацијата само за кривични дела кои што се во тек и кои што веќе се извршени.

Почитувани колеги, дилемата дека треба во две фази да се донесува овој закон, дека судството не ни е ефикасно, навистина стои фактот дека судството не ни е ефикасно. Меѓутоа, отпочнавме реформи во судството. Ни ене можеме да стоиме во место, мораме да одиме на сите фронтови да вршиме реформи, вие знаете дека имаме веќе стратегија за реформи во судството, сите заеднички тука ќе се заложиме да го реформираме судството, ние веќе имаме извршено реформи во Јавното обвинителство како орган кој што е исто така овластен за следењето на комуникациите. Затоа сметам дека оваа дилема не треба да стои, и не држи.

Една моја дилема која што навистина не е земена во предвид од предлагачот, а се однесува на членот 28 став 3 каде што за незаконито прислушкување следува на оној што е прислушкуван надомест на штета и против одлуката да има право на приговор, односно на жалба само оштетениот. Јас мислам дека во правото, посебно во парничните постапки има две страни и секогаш на двете страни треба да им се овозможи правен лек. Тука е пропуст, незнам како ќе го исправиме. За мене е пропуст. Колегите ќе си го искажат своето мислење.

Јас сакам да потенцирам дека овој закон треба да го подржиме. Можеби не е совршен, но имаме добра основа за да избегнеме сето она што досега ни се случуваше, а тоа е прислушкување и тоа прислушкување од политички мотиви.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодрам госпоѓо Ивановска посебно што го испочитувавте договорот.

Објавувам пауза до 14,5 часот.

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 14,05 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Госпоѓа Лалчевска вие имавте реплика, повелете имате три минути.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам претседателе.

Кога веќе кога го прекршивте принципот за времето, можевте и реплика да ми дозволите веднаш после дискусијата.

Познавајќи го ставот на мојата цената колешка дека секогаш се залага за донесување закони во редовна процедура односно во фази, не можам никако да сватам зошто токму за овој закон кој е исклучително значаен, исклучително чувствителен се сложува да се донесе само во една фаза. Со тоа на поголемиот број пратеници им се ускратува можноста да ги изнесат своите забелешки околу текстот и своите сомневања да ги изразат со надеж дека дел од нив ќе бидат вградени во законското решение. За волја на вистината постои амандманска интервенција сега, меѓутоа спецификата на законот е таква што еве јас лично не се охрабрував да составам амандман за една вака специфична тема.

Колешката во своето излагање рече дека Комисијата поднела еден поголем број на амандмани, а некаде околу 13-14 забелешки за кои тие немале храброст да ги поднесат како амандмани ги доставиле до предлагачот и тој ги преточил во амандмани и ги враќа во Собранието како свои владини амандмани. За мене драга колешке вие рековте дека ова е добро затоа што се прифатени голем број забелешки. Јас не се согласувам со вас. Ова за мене покажува значи ваквата бројност на амандманите покажува дека законскиот текст сеуште може да се доработува, односно има простор за решенијата да бидат поквалитетни. Ако тука  уште додадеме дека тие се само од една Комисија а не се од 120 пратеници, значи текстот сеуште може да се доработува. И, не можам да сватам од кои причини овој закон не оди во фази, а вие кога строго држите за таквиот принцип, се сложувате да оди во ваква скратена постапка.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓо Иванова, имате една минута.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Благодарам колешке Лалчевска што со репликата уште еднаш ми овозможивте да го потврдам мојот став дека јас сум во принцип секогаш за донесување на законите во две фази, особено за законите кои регулираат суптилна материја.

Јас само ги искажав моите аргументи зошто овој закон би можеле да го донесеме во една фаза секако доколку во дискусиите на оваа пленарна седница не се покажат одредени сериозни дилеми по одредени прашања. Значи јас останувам на ставот дека сум во принцип за донесување на законите во две фази.

А, за она дека поднесените бројни амандмани покажуваат дека текстот може сеуште да се доработува, секако текстот не е совршен ама практичната примена ќе покаже каде сме згрешиле. Вака само можеме да нагодуваме и ако не го донесеме немаме практична примена, нема  да знаеме каде сме згрешиле.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓо Којзеклиска имате реплика, повелете три минути.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе.

Јас ќе се задржам на една друга дилема која се појави кај мене по слушањето на почитуваната колешка Цветанка во однос на образложението на самиот закон.

Имено, мене конкретно ме буни она што го кажа госпоѓата Цветанка Иванова. Колку што се сеќавам таа рече добро е што овој закон или овој член 8 се однесува на постоење на основи на сомневање дека тоа лице е сторител на кривично дело, а не е прифатена фазата на подготовка. Инаку во спротивен случај, ќе ја цитирам колешката, рече сите ќе бидеме прислушкувани и ќе се претвориме во тоталитарна држава.

Од друга страна во експозето на министерот Силјан Аврамовски како претставник или подносител на овој закон, ќе ви го цитирам последниот став од првата страна во која вели: “порастот на организираниот криминал кој добива нови форми во светски рамки, како и потребата современите држави ефикасно да се спротивстават на сите негови поемни облици, ги принуди современите казнени законодавства да посегнат

по нови методи и средства за откривање на разни облици на криминал во една рана фаза односно во една досега најчесто неказнива фаза, во фазата на самото подготвување".

Сега мене ми се јавува дилема со оглед на тоа дека ова се однесува на современите законодавства, меѓутоа Република Македонија со ваквиот закон сака да се приближи и да го усогласи своето законодавство со законодавството на Европската унија, со земјите од Европска унија, мене ми се јавува дилема тука кој е во право, дали министерот со предлогот на овој закон потврдува дека ова се однесува во најраната фаза на подготовката или како што е предложено во членот 8 и она што го потенцира колешката дека следење на комуникациите на одредено лице судот може да нареди кога постојат основи на сомневање дека тоа лице е сторител на кривично дело за која е пропишана казна затвор итн.

Значи се јавува една дилема дали се работи во фазата на основано сомнение, или во најраната фаза, подготвување.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓо Иванова една минута.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Почитувана колешке Којзеклиска јас не можам да го толкувам експозето на министерот, но јас можам да одговорам на она што се однесува вашата реплика на моето излагање и на решението од членот 8.

Во членот 8 јасно стои дека следење на комуникации на одредено лице судот може да нареди кога постои основи на сомневање дека тоа лице е сторител. Тоа значи дека лицето или извршило или во тек извршува кривично дело. И совршено е јасно. А, инаку јас не знам што кажал министерот и не можам да го коментирам неговото експозе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Аднан Јашари, а потоа нека се подготви пратеникот Талат Џафери.

АДНАН ЈАШАРИ:

Како што знаеме сите пред извесно време изменивме една уставна одредба. Единствената цел на измената на оваа уставна норма беше да се создаде една уставна рамка за Предлог за донесување на еден ваков закон кој ќе ја регулира оваа област.

Во тоа време кога ја направивме измената на Уставот и сега како што се гледа во образложението на овој Предлог на закон јасно е дека овие прашања и покрај тоа што од спореден аспект се уредени како со Уставот така и со посебни законски акти, значи со закон.

Во оваа насока додека неколку држави овие прашања ги регулираат во рамките на законите кои го регулираат кривичниот дел, со Законот за кривична постапка, неколку држави ова прашање го регулираат со специјални акти, посебни закони со кои се регулира оваа област, за која мислам дека е многу значајна област. На пример во САД во 1934 година во рамките на т.н. Федерален закон беше вклучена и нормата која го регулирала ова прашање.

Исто така и во Обединетото Кралство во 1985 година имаше одредени акти со коие е регулирано прашањето на следењето на комуникациите.

Во Германија ова прашање е регулирано со Законот за исклучување на тајноста на писмата, телефонските разговори и поштенските пратки од 1968 година, додека во Законот за кривична постапка во неколку членови се предвидени и општите услови за спроведувањето на оваа норма.

И покрај тоа за разлика од овие држави, има држави кои овие прашања ги имаат регулирани со специјални закони. На пример Австрија ова прашање го регулира со Кривичниот закон, Швајцарија, Холандија, овие прашања ги регулира со Законот за кривична постапка. Значи ние припаѓаме на групата на држави кои сакаме ова прашање да го регулираме со посебен закон, закон за кој дебатираме денес во ова Собрание.

Со овој Предлог на закон почитувани колеги се настојува да се утврди една одредена правна рамка со која се ограничуваат потенцијалните можности за разни злоупотреби на тајноста од страна на државата. Ова го велам бидејќи со овој Предлог на закон е предвидена можноста на следење на комуникацијата само со одлука на специјален орган која може да се донесе со претходно барање од страна на јавниот обвинител или со барање на овластено лице од областа на внатрешните работи.

Инаку следењето на комуникациите со одлука на судски орган може да се направи само со предвидени услови на овој закон и тоа само во случај кога ова следење е неопходно за спречување или откривање на сторителот на кривичното дело или за одржување на кривична постапка.

Анализирајќи го образложението на министерот мислам дека нема потреба да се зборува повеќе бидејќи образложението зошто има потреба да донесеме еден ваков

закон е дадено и затоа јас ќе направам осврт на две глави и ќе дадам мои забелешки за кои мислам дека треба да се кажат.

Првенствено јас оценувам дека во членот 10 алинеја 2 каде се предвидува можноста на влегување во станбени објекти или во приватните средства за да се инсталира некое средство кое ќе се употреби за следење не треба да постои. Вака ценам бидејќи прво треба да се прецизира како ќе се влезе во овие објекти, а од друга страна сметам дека и покрај тоа ова претставува едно вознемирување не само за лицето кое треба да се следи туку и за другите членови на неговото семејство. Затоа јас сметам дека треба предку оваа алинеја ќе се создаде можност и за следење на другите членови на семејството.

Членот 14 исто така мислам дека треба да се избрише, бидејќи оценувам во спроведувањето на оваа одредба може да дојде до разни злоупотреби, како на пример според овој член може да се случи, каде говориме за следењето не со писмен налог, туку со усмен налог во одредени случаи може да се случи оваа наредба по истекот на времето да не се подготви писмено. Токму поради ова се поставува следното прашање.

Дали во овој момент доколку усната наредба не се земе во одредено време во писмена форма и покрај фактот дека предлагачот нема предвидено во овој случај сите податоци кои се обезбедени да се одложат, но и покрај тоа оценувам дека по писмената наредба следењето ќе се оствари.

Токму поради оваа празнина се поставува прашањето дали во овој контекст доколк надлежниот орган го следи преку усмена наредба, а по одредено време не добие писмена наредба дали ќе биде законско или незаконско следење. Затоа јас оценувам дека и овој член би требало да се избрише.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Џафери, а потоа е на ред господинот Ефтим Манев.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Јас уште на почетокот сакам да нагласам дека процесот или постапката за наоѓање на овој Предлог на закон на парламентарна седница е уште од минатата година, а како последица на настаните од претходното време односно од аферата на прислушкување во 2001 година, што е еклатантен пример на повреда на уставната норма - повредување на правата и слободите на човекот.

Засновајќи се врз тоа искуство и на тој момент, на законско прислушкување, како што реков во 2003 година се нагласи иницијативата за регулирање на ова прашање со посебен закон или за можноста за регулирање на ова прашање.

Анализирајќи ја состојбата се дојде до заклучок дека претходно ќе треба да се интервенира во Уставот на Република Македонија, на членот 17 нешто што овој парламентарен состав го реализира на 26 јули 2003 година со усвојување на Законот на амандманот ЏИЏ од Уставот на Република Македонија, со што се предвидуваат услови и околности и начинот на повреда на правото и слободата и човекот во посебни околности и услови кога тоа е потребно.

Како што може да се види и од образложението на законот покрај другото се вели дека во недостаток на точна законска регулатива за употреба на специјални средства за следење од една страна постои можноста за злоупотреба и повреда на правата и слободата на човекот, а од друга страна недостигаат средства за ефикасна борба против тешките кривижни дела и организираниот криминал. Најдени помеѓу овие два предизвика и овие две барања, а во рамките на Конвенцијата на Европскиот совет за заштита на правата и слободата на човекот Законодавниот дом или Парламентот треба да изнајде инструмент со кој ќе се балансираат овие два предизвика или овие два момента кои што се соочуваат меѓу себе односно тоа што е заштита на правата и слободите на човекот и заштита на интересот кој што е државен интерес односно борбата против криминалот, организираниот криминал посебно и спречување и откривање на извршените криминални дела, или кривични дела.

Имајќи ги предвид овие определби на Предлог на законот и на образложението кое што се дава во Предлогот на законот и во текот на работата на Комисијата за одбрана и безбедност на најдобар начин јас како учесник и припадник на таа Комисија ги дадов моите конкретни забелешки за текстот на Предлогот на законот, нешто што може да се види и од извештајот на Комисијата за одбрана и безбедност, нешто што не би сакал посебно сега да го нагласувам тука поради времето, меѓутоа за некои сегменти кои за мене сеуште остануваат дилема јас би сакал посебно сега да ги повторам.

Се работи за определбата или формулацијата на членот 12 каде во одредена утврдена форма се санкционира неможноста на следење на канцелариите или на просториите за работа, на претседателот на државата, на Парламентот и на пратениците внатре во службениот објект каде што тие ја вршат својата секојдневна работа.

Мислам дека оваа формулација е со две значења, затоа што спротивно од тоа што се определува во службениот простор нема да се следат овие државни институции подразбира априори простор да се разбере дека можноста во секаков друг простор што го подразбира и домот, куќата и приватниот живот на овие институции да биде како можност на употреба на овој закон или на оваа норматива од членот 12 за следење на

овие институции. На посебен начин, имајќи ги предвид искуствата од аферата од 2001 година каде објектот на следење покрај другото беа голем број на лидери на политичките партии, или на политичари во тоа време. Јас мислам дека со посебна регулатива ќе треба да се регулира прашањето на неможноста на следење на водачите на партиите или политичките лидери од причина што се додека се предвидува оваа можност тогаш и овие институции или овие субјекти ќе треба да се заштитат од можноста за следење од соодветните органи.

Во членот 14 можноста на давање на усмена наредба, или барањето за следење во тричасовен рок, мислам дека ќе треба да се утврди, за кои дела, кои што имаат можност за доживотен затвор и кои што имаат организирана форма, меѓутоа, што со податоците кои во тој временски период од три часа ќе се обезбедат, или ќе се соберат од следењето, иако ќе исчезнат, сепак некои на незаконски начин, односно без писмена наредба, како што е определбата од Законот во членот 2 значи доаѓа во спротивност, во конфликт, затоа што за временски рок од три часа, некому му се овозможува на незаконски начин да врши прислушкување на некого и во рамките и врз основа на тие податоци кои што априори ги собрал, да може во идно време врз основа на членот 8 да биде поставено и на одреден начин да се сомневаат, дека лицето за кое се говори е потенцијален вршител, или потенцијален организатор на вршење на кривично дело.

Друго прашање е членот 15, кое определува временски рок од 30 дена и можноста на времетраење со посебно барање за продолжување на рокот на прислушкување на други 90 дена, меѓутоа, дефиницијата во ограничувањето на уште 90 дена и кој што не е дефинирано дека може да се повтори остава простор секој момент од првите 30 дена до наредните 90 дена да има можност соодветниот орган да направи дополнително барање за продолжување на рокот на уште 90 дена за прислушкување. Така што, оваа регулатива треба да се определи и доаѓа во судир и со определбите од Европскиот совет по прашања на заштита на правата и слободите на граѓаните за што мислам дека предлагачот на законот, овој феномен, или овој факт да го прецизира појасно.

Во членот 24 формулацијата на првата алинеја по усвојувањето на одлуката за покренување на истражна постапка судот го повикува лицето кое што е прислушкувано и го информира со содржината на материјалот кој што е собран во текот на процесот на прислушкувањето на неговата комуникација во рок од 8 дена.

Меѓутоа, се поставува прашање.Што се случува и дали го добива тоа право, тоа лице кое што е прислушкувано, доколку против него не се покрене истражна постапка,

што со материјалот и што со неговото право да се запознае со материјалот кој што е собран на овој начин и врз оваа форма, врз основа на неговото прислушкување, така што и во овој момент во членот 24 предлагачот ќе треба, мислам дека е потребно јасно да ја прецизира обврската за тоа што треба да го информира лицето кое што било објект на прислушкување, или на следење на неговата комуникација.

Во рамките на тоа што предговорникот Аднан Јашари рече во однос на членот 10 алинеја 2, јас го делам тоа мислење дека втората алинеја од членот 10, ако не се избрише сосема, тогаш секако ќе треба да се подели на посебен начин како посебен член, норма која што ќе треба да се прецизира врз кои основи и во кои околности ќе може на дополнителен начин, до собирање на потребни податоци за кривична постапка , да може да се влезе во домот, или кај семејството на лицето за кое што се говори и лице кое што е следено. Ова од причина што во членот 17 од Меѓународната конвенција за политички права и слободите на човекот, покрај другото се вели дека соодветниот орган, извршен орган, или спроведувач на законите, посебно на репресивните закони, како што е Министерството за внатрешни работи и доколку ги имат сите факти дека едно лице е вршител на кривично дело, меѓутоа, врз основа на овој член, на оваа конвенција, соодветниот орган треба да почитува посебна процедура, постапка за влегување во домот, токму од фактот што покрај вршителот, потенцијалниот вршител на кривичното дело, за кој што има потреба да се навлезе во домот, покрај него,во таа куќа, во тој објект живеат и други членови на неговото семејство и други лица кои немаат никаква врска со делото за кое што лицето, објект на следење го има направено. Од оваа причина, и со другите закони во Република Македонија, можноста за влегување во домот е санкционирана, затоа што со влегување во домот треба посебна дозвола од соодветниот суд за да може да се направи значи влегување, претрес во домот. Мислам дека и во оваа нова насока, јас ќе повторам уште еднаш, ако не да се избрише, значи оваа алинеја од членот 10, барем на подециден и попрецизен начин, во правен аспект да се дефинира и да се прецизира правото на влегување во домот.

Од друга страна соодветните органи за следење и овластени за вршење на следење на комуникацијата на граѓаните, или на потенцијалните вршители на кривични дела, покрај другото е Министерството за внатрешни работи, кое што со посебна одлука определува овластено лице, службено лице за покренување на постапка и за следење и имплементирање, практично имплементирање на техниката за следење на лица или на објектот за кој што говориме. Во оваа насока, во аспект на организација внатре во полицијата и на соодветниот орган во полицијата или крим полицијата која во

процедурата, во постапката има ингеренции за следење и истражување на случај на вршење на кривични дела ќе треба да се регулира степенувањето на вршење на делување на полицијата и правото на објектот на следење, доколку го користи неговото право да ги одбие собраните материјали во текот на следењето на неговата комуникација, односно на прислушкување на неговата комуникација. Односно, да не се чека да објектот, соодветниот објект кој што се подложува на процесот на следење на неговата комуникацијата, да неговото право го образложи и го оправда пред соодветниот суд, туку да се види можноста да тоа право, пред органот кој што го има реализирано за следење на неговата комуникација да може да го одбие тој материјал како неоснован. Така што, во некоја форма да се избегне можноста, лицата или граѓаните кои штоќе се судрат со фактот дека се прислушкувани да може во претходната фаза да ја надминат една можност на повреда на нивните права.

За другите забелешки, јас реков и на Комисија и не сакам повеќе да зборувам. Аспектот на парламентарната контрола, со тоа што е формирање на посебната парламентарна комисија подразбира дека таа треба да биде од редовите на пратениците. Прашањето на мандатот на таа комисија и мандатот и времетраењето на парламентарниот состав што ја формира таа комисија, толку колку што трае и мандатот на пратениците, токлу трае и мандатот на таа комисија и во оваа насока нема никаква дилема. Прашањето дали ќе треба во една или во две фази да се усвојува овој закон, во расправата на Комисијата за одбрана и безбедност, во почетокот на распавата се делеше мислењето дека законот според тежината што ја има и консензусот што треба да го има од сите парламентарни партии кои што се тука и од причина што треба да гласа двотретинско мнозинство од општиот број на пратеници, како што се кажа и порано, тие забелешки што се дадоа во соодветните комисии, поголемиот број од нив, како што се гледа и од амандманите кои што се дадени се имплементирани, односно вклучени во текстот на Предлогот на законот и мислам дека тој момент на потребата на одење на овој предлог во две фази, мислам дека е надминат и токму од таа причина, јас лично верувам дека и парламентарната група на ДУИ ќе поддржиме овој предлог закон да оди во една фаза, со тоа што усвоениот закон во овој момент, не подразбира дека не може да следи и можни измени, туку тие измени секако дека ќе следат од почетокот на конкретното спроведување и практично реализирање на овој закон на теренот и нормално, во временскиот период кој што се предвидува Предлог-законот ќе треба да се усвојат и подзаконските акти, или придружни акти кои што ги регулираат обврските на сите органи кои што имаат ингеренции  врз основа на овој закон, како што е Министерството за

одбрана, Министерството за внатрешни работи, судовите, истражните судови и Јавниот обвинител. Затоа, имајќи ги предвид овие проценки, односно овие аспекти, ние ќе го поддржиме усвојувањето на овој Предлог закон и веруваме дека нема да има законска можност да се случи моментот, или да се случи повторувањето на 2001 година од аспект на аферата на прислушкување, во таа форма во која што се случи. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Манев, а потоа е на ред пратеникот Жарко Караџоски.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

По однос на Предлог-законот за следење на комуникациите би го кажал следното: најнапред сакам да кажам дека уставен основ постои, неспорно е, извршивме измена и дополнување на Уставот, членот 17, каде што овозможивме да се врши следење на комуникациите на граѓаните, односно во едно право, кое што е загарантирано со Устав по однос на слобдите и правата на човекот.

Сакам да укажам уште на почетокот дека законот ќе го поддржам, како Предлог за донесување, додека донесувањето на законот не би го предложил да оди во оваа фаза, бидејќи не би можело дури самиот предлагач да си даде таква слобода за еден закон кој шрто бара двотретинско мнозинство за неговото донесвање, мнозинство рамно на Уставот. Кога се донесува мнозинство рамно на судските постапки, сите сме свесни дека таквите акти, каде што се бара двотретинско мнозинство, ги носиме дури во три фази.

Што е тоа што го натерал предлагачот да го даде Законот во една ваква скратена постапка. Дали смета доколку го донесиме ние законот денеска, од утре натаму нема да има таков криминал во Република Македонија, или ќе го сузбиеме веднаш, дека исклучиво законот оваа материја која што ја регулира, ќе го реши целиот криминал во Република Македонија кој е од таков карактер кој што се дозволува на комуникациите. Однапред ќе кажам дека не. Многу држави ја имаа регулирано оваа материја од поодамна, но не успеале сето тоа да го решат. Пред година дена во Америка срушија две згради. Дали таму нема следење на комуникациите. Во Русија пред месец убија 400-500 лица во школите. Дали таму нема следење. Сето ова, што го регулира овој закон ја подобрува само можноста за откривање на одредени видови на криминал кој што се крие. Да се послужат на начин на прислушкување или читање на писма, кое што е досега дозволено, да се најде извршителот.

Сакам да кажам дека криминалците одат пред оние што ги гонат. Во сите оние држави каде што ги има тие закони, криминалците многу малку комуницираат со било кое средство, телефн или било кој начин. Има многу пинакви врски. Но сепак, јас сум да се овозможи и ова на нашите органи за прогон, обвинителството и судството, да имаат право и во тој дел, веројатно, еден или пет посто со кој може да се дојде до некои сознанија, но не како што сметаме и некои дискутанти како што зборуваат дека ова е готово затворена работа, ние сето тоа ќе го завршиме, како досега ние да не сме имале можности и начин да ги гониме оние луѓе кои го направиле криминалот. Се повикуваа некои колеги пратеници дека нема да се случи тоа што се случувало афера пред две години. Тогаш ако било дозволено, сигурно повторно ќе имало афера, бидејќи се вршело недозволено прислушкување. Немало тоа да биде дозволено. И за тоа сметам не треба ни трунка да се поврзува овој закон со некои афери кои што биле направени противзаконито. Дека овој закон ќе го легализира тоа. Треба да имаме предвид дека газиме на тенка жица, посегнуваме по човековите права. Овие работи ќе ги вршат луѓе. Сомневање има секогаш. Кој не работел во таквите органи, доаѓаат од секаде сигнали дека постои такво сомневање. Треба да обезбедиме до крај сигурност да не се посегне во слободите и правата на човекот каде што не треба да се прислушкува. Бидејќи тоа го прават луѓе, можат да се повредат таквите права од најразлични поводи.

Од тие причини не би сакал многу да навлегувам во суштината на законот, во материјалниот дел, бидејќи на некој начин јас учествував во таа Комисија, која што ја организираше Министерството за внатрешни работи да се дојде до една пореална содржина и сметам е дојдено. Можеби е предолг временскиот период што беше во подготовки ќе дојдеме до една пореална содржина, но не значи дека ова е најреалниот закон и дека нема пропусти. Само да влезе во процедура по истиот закон ќе најдеме пропусти во него. Да не дојде до тоа и да не посегнеме по правата на граѓаните, сметам дека и пратениците од позицијата ниту еден не расчистил со сигурност дека овој закон треба да оди во една фаза. Скоро на сите тела, комисии уште во првото читање на законот, беше приговорот зошто да не оди во две фази. Сепак, постои политички притисок да го донесеме. Мислам дека ништо нема да се постигне ако се донесе и во самиот закон стои дека Јавното обвинителство и судовите треба да ги подготват обвинителството со уредби, судството со деловник, оваа материја во рок од шест месеци, што е и те како долг рок.

Ако оди законот во две фази и да се стави и самите обвинители, обвинителството и судовите можат да се прилагодуваат према овој предлог закон да си ги подготвуваат

таквите акти, па дури Министерството да направи правилник и тоа можат да го направат истите во рок од еден месец.

Тогаш законот може да биде профитабилен или да биде во функција на негова употреба. Инаку, ако се донесе вака, тој не може да се применува се додека овие органи не ја средат својата норматива внатре.

Од тие причини, кога позицијата повикува на консензус, ваков консензус во една фаза јас не прифаќам. Јас не знам за другите колеги кои се во опозиција, но за да го донесеме законот со консензус мораме да ги слушнеме граѓаните. Тоа е нивно право, законот да се пушти во јавна расправа или да оди во две фази. Не значи дека ние што бевме во таа Комисија, професорите што беа во Комисијата дека сме најумните луѓе. Има и други умни луѓе во Република Македонија и најразлични институции кои можат да дадат придонес во интерес на законот и во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Затоа, пред да размислат пратениците од позицијата, би сакал да размисли малку Владата и министерот Предлогот на законот да го повлече, да остане само предлогот за донесување на закон, со што ќе бидеме многу порационални и покорисни и поединствени во донесувањето на законот.

И во оваа расправа имаше доста укажувања од повеќе пратеници, без разлика кој каде припаѓа дека законот не е најдобар и истиот може да се доградува. Јас би укажал само на две работи.

Да го земеме членот 19, каде се зборува за условите и постапката заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на земјата. Оваа одредба зборува за кривични дела во подготовка, за сомневања и за тешки кривични дела. Многу тешко е заради сомневање да почнеш да прислушкуваш или било што друго и да не излезе ништо. Би сакал да укажам токму на тоа дека се даваат многу широки видувања, па се вели: подготвува извршување на кривично дело против државата - чиста глава во Кривичниот закон, а се знае кои се делата; против вооружените сили - чисто прашање пропишано во Кривичниот закон кои се тие дела; или против човечноста, што подразбираме под против човештвото кога таква глава нема во Кривичниот закон. Човечноста зависи како ќе ја гледаме спрема кој човек, човечност е на некој и шлаканица да му удриш и да го омаловажиш и понижиш или да го удриш. Или потоа го спомнува Меѓународното право, а Меѓународното право е море, кој дел од тоа меѓународно право. Заради тоа, предлагачот треба да дефинира што подразбира под човечност и што подразбира под меѓународно право, кои области, во кој дел. Повеќе колеги укажаа на одредени одредби дека треба да се дефинираат, дури можеби треба да постои посебен

член што подразбира под тоа. Дури, многу колеги го фалеа законот во делот каде што стои надзор и контрола. Голема работа, сме направилен надзор и контрола! Тоа е само форма, ништо повеќе. Да ги прочитаме сите овие два, четири, седум, осум членови и да видиме што кажуваат за таа Комисија. Дека ќе се формира комисија од 5 члена во која ќе бидат тројца од опозицијата. Голема работа дали ќе бидат од опозицијата или опозицијата! Битно е дали тие членови можат да ја следат таа работа. Некои пратеници се залагаат тоа да бидат исклучиво пратеници, но прашање е дали има таков квалитет од стручен аспект тоа да го прави, дали во Парламентот имаме секогаш такви лица. Во самиот член не е токму така дефинирано, туку е ставено “политичките партии”. Не стои дека членовите треба да бидат ислучиво пратеници и јас лично сметам дека не мора да бидат само пратеници. Во првото свикување на Парламентот, во комисиите на Собранието имавме и експерти надворешни луѓе кои одредената материја ја познаваат повеќе.

Во тој дел, сметам дека предлагачот треба малку повеќе да дефинира кои се тие луѓе, бидејќи како пратеници сме од најразлични струки по знаење и умеење, некои можат најмалку да знаат во таа област, но ќе бидат членови на таа комисија и ќе го следат тоа. Прашање е дали има еден таков од овде што може да го прави тоа.

Потоа, неминовно е во оваа глава да се набележат уште 1, 2 или 5 члена што ќе прави таа комисија, бидејќи оставаме празнина и право на Министерството за внатрешни работи, Обвинителството и судот со посебна норматива тоа да го регулираат во врска со начинот на постапување по овој закон. Во кој ќе постапи комисијата ако отиде во Министерството да ја следи работаста - сакам да бидам повеќе практичен - да види што се работи таму. Таму ќе кажат ова не е дозволено со нашиот Правилник, но овде тоа не стои. При тоа дали Комисијата може да ја контролира работата на Министерството, работа која е во тек, која не е завршена. Како ќе се загарантира тајноста во оваа Комисија кога ќе отиде, дека тоа ќе го чува како тајна. Со што е регулирана нејзината одговорност, дали може Комисијата да отиде со претпоставка да влезе и да отвори предмет кој сега се прислушкува, да излезе и да му јави по телефон, а тој не е прислушкуван од комисијата. Затоа, многу работи треба да се дефинираат до крај, да бидеме појасни и почисти, а законот служи исклучиво за откривање и гонење на луѓе сторители на кривични дела од овој тежок вид на криминал кој е наведен. Инаку ќе имаме само закон проформа, пред Европа ќе кажеме дека имаме закон, а кога ќе го примениме и колку, ќе видиме. Ќе почнеме да се расправаме на седници, односно не мора ние туку некои пратеници ќе се расправаат дека е злоупотребена од страна на полиција, од страна на суд, од страна на

обвинителот тајноста. Каде стои каква ќе биде одговорноста на судијата, каква ќе биде одговорноста на обвинителот, каква ќе биде одговорноста на оние што следат, дали сметами дека тие се толку роботи. И тие се луѓе, а ако погледнеме малку во светот, сепак, овој криминал повеќе е во властите, во лицата кои имаат функции. Еве, ослободуваме одредени граѓани кои се функционери да не ги следиме, но дали тие не може да го прават тоа дело. Што ако сум потенцијален извршител на едно кривично дело, ме заштитува законот и не можеш да ме следиш. Може ли да оди преку мене се? Заради тоа треба многу повеќе уште еднаш да се размисли за некои околности, а знаеме дека и во Америка сега бараат дека тоа е направено во ЦИА, дека е договорено со тие авиони да направат такво нешто. Дали утре нема да ни се случи и нам овде некој обезбеден субјект во оваа зграда или во било која зграда во која не може да има такво нешто, да диктира со една таква работа. За кривични дела против државата и народи не ли може и од овде некој да диктира такво нешто. Може, и те како, парите прават се.

Затоа, со добра намера, сметам дека овој закон треба да оди во две фази. Има научници, има луѓе експерти и од таа област, има институции што ќе кажат уште по нешто. Вметнете го и ова, направете го ова вака за да подготвиме посолиден закон корисен за Република Македонија и да служи и на МВР и на судството и обвинителството, да служи на граѓаните на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Манев.

Повелете г-дине Караџоски, а потоа нека се подготви пратеникот Никола Апостолов.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Најнапред дозволете ми да реагирам во делот на тоа што јас сметам дека е повреден членот 152 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, затоа што овој закон по предлог на Владата денес го разгледуваме во скратена постапка, поточно со иста расправа и Предлогот за донесување на закон и предлогот на закон и мислам дека овој член 152 став 1 од Деловникот е повреден. Во никој случај овде не може да стане збор за помалку сложен закон или закон кој не е обемен. Можеби ако ги броиме и членовите и не е обемен, но дали е сложен или не е сложен потврдува фактот што имавте прилика да го видите и денес: Цел ден дебатираме, цел ден изнесуваме свое видување и прашање е дали ќе ја завршиме расправата до крајот на овој ден. Тоа само потврдува дека во прашање е сложен закон. Тоа е едната работа.

Втора работа е што со овој закон прв пат една материја се регулира, а досега тоа не постоеше затоа што не постоеше уставен основ за тоа. Сега бидејќи постои уставен основ, прв пат се регулира една материја што е чувствителна и не можеме да кажеме да се повикаме на членот 152 од Деловникот, да кажеме дека овој закон не е сложен и дека можеме да го разгледуваме на една седница. Тоа е едниот аргумент.

Вториот аргумент, кога за еден закон со уставен амандман се утврдува дека неговото изгласување ќе се врши со двотретинско мнозинство, самиот податок кажува дека тој закон не може да биде едноставен и заслужува да оди во редовна процедура. Редовна процедура знаете што значи, тоа значи да има прва фаза како нацрт на закон и предлог на закон. Сите аргументи што овде ги искажаа моите колеги претходно, освен со мали исклучоци не слушнав дека некој приговори во делот како е поднесен законот, поточно зошто не се оди во редовна процедура. Во контекст на тоа, веднаш на почеток ќе кажам дека пратеничката група која јас ја застапувам овој закон нема да го подржи, веднаш да ви биде јасно, од проста причина што еден е овој аргумент, а другите ќе ги кажам во самата дискусија понатаму. Не знам зошто предлагачот цел ден чека да заврши расправата за да се стави на гласање, кога е очигледно со оној став што овде имавте прилика да го слушнете и сега јас го кажувам тешко може да има дво третинско мнозинство. Предлагачот можеше да ни ги скрати маките и да го поднесе законот да го разгледуваме во редовна процедура, па се би било во ред. Со тоа да имаме време, простор и место да ги искажеме сите забелешки кои ги имаме и кои можеби ќе произлезат од дискусијата.

Исто така, ќе се задржам и на делот од образложението каде што предлагачот го заснова своето барање овој закон да се разгледа на една седница, по скратена постапка, од причини кои ги кажав во образложението дека е извршена консултација или во подготвувањето на овој закон се вклучени правни експерти, професори, претставниците на ВМРО-ДПМНЕ итн, остварени се одредени јавни дебати и расправи на разни теми во делот на подготвувањето на законот и тоа како образложение се користи, демек повеќе нема причина, исцрпени се сите работи и нема зошто сега да расправаме во редовна процедура, сето тоа е доволно, па дајте да го усвоиме законот денес или не мора денес, туку на една седница. Почитувани претставници на Владата тоа не е оправдување и аргумент кога еден закон се доставува во Собранието. Аргументите се кажуваат овде во Собранието, Собранието го донесува законот и Собранието треба да го каже конечниот збор. Кој учествувал и како учествувал, тоа може само да придонесе кон одобрување на текстот, но во секој случај не може да биде аргумент за да ние како Собрание кои треба

да ја дадеме завршната реченица да го прифатиме како нешто што е меродавно. Заради тоа постојат повеќе фази и одкако ќе ја дадеме визата во првата фаза, да ги видиме и тие други експерти и јавни дискусии, врз основа на она што сега овде го отвораме како дебата. Уште помалку тоа дека присуствувал некој од ВМРО-ДПМНЕ, тоа што присуствувал некој од ВМРО-ДПМНЕ може да се каже со една реченица, било па поминало, состојбата сега не е таква, така што во начело не можете да се базирате на став на двајца - тројца, затоа што убаво кажа и колегата Ефтим Манев, не се сите најпаметни, најдобро да се вклучиме така како што треба во редовна процедура под која ќе го видите и ставот.

Сега да се задржам во однос на она што е предвидено со овој закон. Законот онака како што е направен, односно како што е подготвен ги уредува условите и постапката за следење на комункациите, потоа начинот на постапување, чување и користењето на добиените информации и контролата над законитоста на следењето на комуникациите. Имавме прилика, почитувани колеги, да слушнеме многу аргументи и многу забелешки во однос на она што е напишано овде како текст и морам да признам од она што јас го слушнав дека во најголем дел сето она што го слушав и забелешките што ги слушав, забелешките навистина држат. Тука има ако одиме со ред доста работи за кои може да се дискутира. Може да се оди член по член, може да се оди генерално, но еве за да има подобро следење ќе одам член по член на она што овде е зацртано.

Еве веднаш да се задржиме на членот 2 каде што се вели дека никој не смее без наредба на надлежен суд да врши следење на лице, комуникациите, освен ако му се наменети - малку нејасна формулација - или постои согласност на лицето на кое му се намемети. Дали му се наменети ли не, за тоа има подобра терминологија и таа треба да се користи.

Членот 3, производство, нудење на продажба итн, се врши врз основа на одобрение на МВР и тука се поставува прашањето зошто токму на МВР, нели треба некоја малку повисока институција, да речеме Владата, одредена комисија во составот на Владата итн. Дискутабилно прашање е зошто токму во МВР.

Одредбите  кои генерално како почеток на она што се пишува во законот даваат еден правец, се нуди некоја заштита на граѓанинот од злоупотреба, меѓутоа, ако го исчитаме до крај законот ќе видиме дека има одредби каде таа заштита не е доволно покриена и може да се најде простор каде има доста користење на злоупотреби.

Ќе се задржам на она што значи постапка или начин и услови. Многу интересен ми е членот 10, каде што покрај содржината на барањето каде се наведува што треба да

содржи барањето за следење на комуникациите, дека тоа треба да се достави до надлежниот истражен судија од страна на јавниот обвинител и се наведува што содржи. Тоа би било во ставот 1. Меѓутоа, ставот 2 е доста дискутабилен и заради тоа би сакал да го прочитам. Во членот 10 став 2 се вели: Доколку е неопходно да се влезе во дом или во други простории или во превозни средства заради инсталирање, одржување употреба или отстранување на средства за следење на комуникациите во барањето од став 1 на овој член тоа се наведува како посебен предлог, при што мора да се прецизира временскиот период во кој се предлага тоа да се изврши.

Значи, за да се влезе во дом, друга просторија, превозно средство, освен што се бара посебно барање, односно посебен предлог кон самото барање, друго ништо не се бара. Што значи дека врз основа на посебениот предлог треба да се изјасни истражниот судија.

И сега тука во образложението кога го читаме законот, ќе сретнеме дека на овој начин се елиминирала онаа правна дупка која може да се јави во недостаток на закон кој оваа материја треба да ја регулира. Ех, токму тука е проблемот затоа што да не и да не заборавиме дека со Уставот праватноста на просторите, домот и тн., е заштитен со Устав. Тоа значи дека кога таа слобода е заштитена со Устав. Не можеме ние со став 2 во некој закон кој што предвидува сосема нешто друго, да утврдиме дека со посебно барање ќе дадеме овластување или со посебен предлог ќе дадеме овластување на истражниот судија да одлучи за оваа проблематика.

Почитувани колеги, еве во нарушувњето на интимноста, приватноста на домот и другите простории треба да се ргулираат со закон закон. Посебен закон во рамките и во склад со Уставот. Согласно на него можеме да одлучиме односно да одредиме дали може едни вакви отстапки од тоа право уставно да ги спроведуваме во закон, а не во став 2, на некој друг закон. Според мене не држи. И можеби има и уставен проблем.

Сега, членот 12 зборува за кога истражниот судија ќе го одбие барањето на јавниот обвинител, и тука се наведува нели за адвокат, доколку нели во службените простории за претседателот на државата, за претседателот на Собранието, и пратениците внатре, доколку се прислушкуваат така да кажам во просториите кои се определени за нив што индиректно значи, дека доколу не се во просториите можат слободно да бидат присклушкувани, дури и такви категории и такви високи функции во државата, како што е претседател на држава, претседател на Собрание, премиер, итн, па и пратениците.

Тука се поставува една интересна дилема. Дали може истражен судија на еден основен суд да даде решение со кое што ќе наложи да се прислушкува што е претседател на држава, значи, тоа прашање е дискутабилно, независно дали има основ или не. Во секој момен со едно решение на еден истражен судија во еден основен суд можеме да дојдеме до прислушкување, да речеме, легално и на највисоките институции, па и на почитуваниот претседател на Собрание. Сепак, мислам дека институцијата истражен судија на основен суд не треба да го има тоа право, затоа што во однос на овие функции каде и каде е во пододредена улога. Друго, да не заборавиме, да ве потсетам само кој ги бира судиите, како се бираат и колку овде да зборуваме дека таа е независна власт сите сме свесни дека судиите ги бира Собранието на Република Македонија. Е, сега, да ве прашам, едно вакво прашање, една ваква дилема. Да речеме, одреден истражен судија, донесува решение да се потпишува претседателот на Собранието, господинот  Љупчо Јордановкси, ама надвор од неговата канцеларија и нормално се прислушкува заради некое основано сомневање. Или, пратениците исто така надвор од просториите. Дали мислите дека таов истражен судија ќе има храброст тоа да го направи, па, нема. И што ќе се случи доколку г-динот Љупчо Јордановски или сите ние овде како пратеници испадне дека неосновано сме прислушкувани, меѓутоа, сме разбрале од некои причини. Знаете ли каква ќе ми биде судбината на тој судија. Во секој случај најмалку ќе биде разрешување, затоа што некој ќе биде повреден итн. Затоа, сметам дека сепак кон највисоките функции на државата треба да имаме повеќе респект, не да бидат скроз заштитени знажчи да не се прислушкува во ниеден момент, затоа што и тие луѓе може да згрешат но, да се најде некоја повисока институција, дали тоа ќе биде Врховен суд, дали тоа ќе биде некој друг орган, во секој случај да ги заштитиме барем највисоките функции во државата. За пратениците тоа и веќе не е тајна дека се прислушкувани цело време и ние не се буниме, па дали ќе не прислушкуваат во канцелариите или не, мислам дека тоа и не е кој знае каков проблем. Сега, се поставува прашање дали можат да не прислушкуваат внатре во салата овде, пошто ги носиме одлуките, особено за оние пратеници кои повеќе молчат отколку што зборуваат, биодејќи тие се помистериозни, а оние кои многу зборуваат како јас и претседателот на Собрание, нема потреба ни да не прислушкуваат. Тоа е исто така дискутабилно прашање и јас мислам дека и пратеникот како институција во секој случај треба да биде заштитена малку повеќе отколку да му дадеме право да може на некој начин со некое решение да се прислушкува.

Само ќе ве потсетам дека Македонија не е оперирана од случувања поим, прислушкувања и ака за некого не беше тајна, јавноста имаше можност и прилика да се

увери и ако се сеќавате, ќе ве потсетам дека таа афера која се нарече прислушкување не беше толку афера, ако не станиваше збор за прислушкување на највисоките функции, претседател на држава, пратеници и други. Тоа ја разбранува јавноста. Тука треба во секој случај да се најде некој посоодветен термин или начин на регулирање.

Членот 14 за мене е доста интересен. Сега имаме, цело време зборуваме дека, јас ќе го употребувам зборот прислучкување, бидејќи ми е поадекватно, отколку оној термин кој овде се користи, значи, прислушкување да може да се врши се по писмен налог со една иницијатива, па барање итн., а во членот 14 имаме отстапување, што овде се вика итни случаеви, да може тоа да се направи со усна наредба. Таа усна наредба може да ја даде истражниот судија, заради итноста на случајот, а во рок од три часа да се достави таа писмена формулација односно да се заврши во писмена форма. Сега, тука е проблемот, според мене, некој можеби не го дели тоа мислење. Простор за кој даваме три часа за усна наредба може да се злоупотребува колку што се сака. Кој е тој, што ќе го цени итниот момент, нормално, тоа е истражниот судија, но и јавниот обвинител, меѓутоа, какви ни се нас состојбите во Република Македонија, на што се сме изложени и какви се други злоупотреби ни се случуваат, јас сум убеден дека ова ќе се крши. Можеме да дадеме усни наредби колку сакаме и наместо во рок од три часа, да го смалиме тој рок, затоа што еден час е доволно време некого да го прислушкуваме, а воопшто да не дадеме наредба писмена, затоа што можеме да го прекинеме прислушкувањто, што еден час е доволо време да го разбереме некого што прави. Тоа, не во контекст на следење на кривични дела, во контекст на она што значи злоупотреба односно кршење на законот.

Став 4 во истиот член, доколку по издадената усна наредба не е доставено писмено барање, значи се отвора можност со самиот став 4 дека може да се случи да не се даде писмена наредба. Тогаш ќе се смета како судската наредба за следење на комуникациите да не е издадена. Следењето на комуникациите се прекинува, што судијата го констатирал по службена белешка од став 1 на овој член. Сега, некој ќе рече што сега? Значи, констатиравме, дадовме усна наредба, некого го изнаслушавме три часа, што се зборува, ама потоа констатираме дека немало писмена наредба и ќе се смета како да воопшто не е некој прислушкуван, односно ќе се направи некоја службена белешка од ставот 1. Ете, тука е проблемот кој сега можеме да го отвориме. Ова можеме до недоглед да го правиме, да измислиме некои итни случаеви, во Македонија е се итно, некого да го прислушкуваме, за потоа во меѓувреме не доставиме писмена наредба, за тој што е овластен да ја достави и сето тоа да заврши со една службена белешка. Колку такви случаи можеме да направиме, никој тука не го поставува прашањето на

одговорноста. Дали некој не треба да одговара за тоа што направил лоша проценка, за тоа што дошол до констатација дека состојбата е итна, не треба да одиме во редовна процедура, не треба да правиме писмени барања и решение, дајте со усна наредба да го прислушкуваме човекот, за да потоа не доставиме писмено барање, затоа што видовме дека нема основ. Тука е проблемот, со кој веќе очигледно се крши законот, ама ја нема одговорноста. Кој за тоа ќе одговара, тука е прашањето. Дали оној кој го поднел барањето, дали оној кој го издал решението итн., затоа што ако нема одговорност, бидете сигурни дека се отвора вратата да може слободно да се крши оваа одредба и да оди во недоглед. Секогаш, да се вадиме дека направивме службена белешка, што да правиме, извини.

Члеот 15 зборува за времето на следење. Значи, основно време утврдено со овој член во став 1 е 30 дена. 30 дена според мене е доволно некој добро да се иследи и да се дојде до податоци, меѓутоа, веќе во наредниот став тој рок може да се продолжи и до 90 дена. И, сега, најдолго за уште 90 дена, што ќе значи и 30, тоа се 120 дена. Нели е тоа предолг период, тоа се цели 4 месеци, буквално да се следи одредена личност, да се прислукува, се да се знае и на крајот може да заврши и без покренување на ријава односно воопшто да немаме индиции за некакво кривично дело, освен што 4 месеци сме го следеле. Според мене рокот е голем. Отвора простор за злоупотреба.

Сега, во делот на ништењето на податоците, тука се прави обид податоците кои што се собираат да бидат и поништени, што е добра одредба, добар начин, за да не останува се нешто во архива, затоа што архивите барем во МВР беа полни со разни досиеја, од разни причини итн., па мораше со еден посебен закон, да се отворат, па да се затворат, што значи во една ваква цела процедура добро е тие податоци да се ништат. Одредбата во која се зборува да се запознае сомнителното лице односно обвинетот во таа процедура и да даде приговор, исто така, отвора еден простор каде што може да реагира на автентичноста.

Во членот 23 каде што се зборува за донесување на решенија за допуштеност на следењето, граѓанинот кој поради тоа претрпел штета, има право на судска заштита. Ех, сега, судска заштита е еден генерален поим, прашањето е каква судска заштита. Ако читаме понатаму во текстот на законот, ќе видиме дека станува збор за онаа граѓанска судска заштита да има право да побара надомест на штета. Тој надомест на штета, висината доколку се утврди дека е неосновано прислушкуван и претрпел штета, да може да се исполати од буџетот, тоа е она што го гледам во законот. Меѓутоа, според мене, дискутабилно е друго, дали не треба да се вметне и одредба за некоја друга судска

заштита во насока на кривична одговорност. Затоа што, понатаму во текстот на законот се зборува и за злоупотреба во член 28 “лицето чија што комуникација била следена спротивно на одредбите на овој закон, има право на надомст на штета”. Значи јасно овој член утврдува дека тоа лице било следено спротивно на одредбите на овој закон. Освен што има прво да побара надомест на штета, друго право нема. Јас би го поставил прашањето, што со сите овие институции утврдени овде во законот, одговорно лице и да не ги редам сите. Што со нив? Тие напрвиле злоупотреба на одредбите на овој закон. Дали со тоа што обвинетото лице или тоа лице кое во овој момент е оштетено ќе му се исплати надомест на штета, дали со тоа се завршува работата? Дали нема да значи дека истите тие лица утре можат повторно да направат злоупотреба, дали тогаш пак ќе бараме надомест на штета. Нели е добро тука да стојат одредби за одговорност. Па, казнете го тој што прави злоупотреба на законот. Значи, генерално кои сме на одговорни функции треба да ги применуваме законите, а не да му даваме право да го злоупотребува законот, со тоа што ќе се исплати надомест на штета. Треба да има одговорност да се знае кој, каква итн. тоа е она што недостасува овде во овој закон, тоа е она што јас вака како генерална забелешка и не гледам зошто да не стои одговорност на тоа или да се пише еден член, доколку одговорното лице направи повреда на овој закон ќе се казни или незнам што друго, има многу мерки или ќе добие решение за отказ и друго, со тоа што ги повредил одредбите на овој закон.

Исто така, на овој закон му недостасуваат казнени одредби. Ние имаме закони еден куп и во сите тие закони на крајот на законите стојат казнени одредби. Зошто се тие казнени одредби, за да упатиме на оние кои што треба да го почитуваат законот дека доколку не го почитуваат, свесно или несвесно ги кршат одредбите и дека ќе следат казни. Во овој закон тоа го нема, што директно упатува на заклучокот дека во Република Македонија прислушкувањето е регулирано со закон, ама и злоуптребата на тие што треба да ја извршуваат, е исто така регулирана со закон, со тоа што никој нема да биде казнет, нека обвинетиот си бара надомест на штета. Со тоа се се завршува. Така, нема а ги спречите злоупотребите и така нема да ги принудите одговорните лица, кога велам одговорно лице, да не ги повторувам и да ги кажувам сите овие кои овде се утврдени во закон, да имаат закана од една казна со која казна таа ќе го тера да го спроведува законот онака како што е пропишан. Или секој може да се извади и да каже згрешив, ќе плати државата, не е проблем. И, тоа сега во контекст на една друга димензија. Ајде да речам сторителите на кривични дела итн., и да прогледаме низ прсти. Но, доколку господинот Љупчо Јордановски го прислушкувате како претседател на Собрание и се

утврди врз основа на член 28 дека е злоупотреба односно повреда на законот, кој ќе одговара? Сигурно дека претседателот на Собрание нема да седи со скрстени раце и сигурно дека нема да побара само надомест на штетата, но ќе побара и одговорност. Тоа може да биде м ожеби и од министерот за внатрешни раaботи, можеби од некои судии, и тн., затоа што Законот во основа служи да се почитуваат. Кога давате простор и кога давате можност да бидат прислушкувани и највисоките функции во државата, треба да се воведат и одговорности и казнени одредби во овој закон. Тука би била таа одредба, што јас сметам дека да се додаде во овој закон, значи да има една посебна глава која ќе ги регулира казнените одредби за се она што значи повреда на закон итн, како што е и во другите закони.

Во наредните членови од член 29 па натаму, зборува за услови и постапка за следење на комуникации заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на земјата. Бидејќи, станува збор за некој повисока категроиај на заштита на интересите, овде станува очигледно дека и повисоки инстанции го носат решението, тоа е Врховниот суд итн. Јас го отворам како дилема дали во другите случаеви не треба да биде Врховниот суд, истражниот суд, ако ништо друго, барем спроед оние функции кои значат нешто во оваа држава тоа се претседател на државата, претседател на Собранието итн.. Ако веќе треба да ги следиме и нив надвор од просториите за кои кажува членот за тоа барем нека носи одлука Врховниот суд а не истражен судија на некој основен суд врз основа на некакво си основно сомневање. Затоа што, Врховниот суд е сепак една повисока инстанца, таму седат поискусни судии итн., и сигурно дека по адекватно ќе ги ценат причините за тоа дали некој има основ да се следи или не.

Во делот на надзорот, се први обид надзорот да го први Собранието на Република Македонија, а таа е во некој контекст со онаа заштитна улога која треба да ја има Собранието преку таа посебна комисија. За мене е малку дискутабилна одредбата која зборува, претседателот на Комисијата е од редот на политичка партија на Собранието на Република Македонија во опозиција, што на последните избори за пратеници освоила најмногу гласови, двајца од членовите на Комисијата се од редот на политички партии на власт итн. Ако оваа одредба остане, може да се случи оваа комисија да не можеме да ја формираме, затоај што политичката партија во опозиција која на последните изобри освоила најмногу гласови, може да се сведе на два или три пратеници и не можете да составите комисија, мислам дека не мора да стои една таква одредба, затоа што опозиција е поширок поим, а таа самата ќе се договори кој ќе биде претседател и кои ќе бидат членови на таа Комисија.

Значи, се на се, да не должам, останувам на тоа што го кажав на почетокот. Мислам дека од сето ова што е искажано има простор да се разгледа овој закон уште еднаш, има простор да се отворат димелимите и има простор, согласно и на распоредот на силите овде, најдобро е Владата да го повлече Педлогот на закон, да го усвоиме ова во прва фаза и после да седнеме во оние процедури што се предвидени со Деловникот, да дојдеме до подобар текст кој што врз основа на сите овие забелешки, врз основа на јавната дебата што сигурно после првата фаза ќе се води, да дојдеме до навистина добар текст што, пак ќе кажам, тоа е прва регулатива на една ваква област и не е во ред да денеска го донесеме а утре го изменуваме и дополнуваме, затоа што ова е чувствително прашање.

Заради тоа ние, доколку Владата остане на овој предлог, законот да се усвои вака како што е предложен, ние нема да го поддржиме. Е сега, на вас е да одберете дали сакате да помине или не сакате.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Дозволете ми два коментари, не се реплики.

Прво, сметам дека во ваше лично име констатиравте дека е законот поднесен спротивно на членот 152.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не реков спротивен, туку реков злоупотребен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, рековте спротивен, не рековте злоупотребен. Јас само можам да кажам дека не е злоупотребен или да кажеме спротивен, бидејќи Владата оценила врз основа на сите претходни активности, расправи и дискусии, дека се создале услови да се искористи членот 152. Ние, нормално, треба да оцениме дали е тоа така или не е така и затоа се гласа.

Второто, околу господинот Љупчо Јордановски што го спомнавте неколку пати во илустративна смисла, мене ми се допаѓа тој начин на дијалог. Јас само ќе ви кажам дека, да не се плаши судијата Жарко Караџоски ако згреши или поднесе налог за следење и прислушкување, бидејќи Љупчо Јордановски простува три грешки.

Благодарам.

Сега има збор господинот Никола Апостоловски, а потоа нека се подготви пратеникот Абдулади Вејсели.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

За мене е неспорна потребата од донесување на закон за следење на комуникации, бидејќи со измената на членот 17 од Уставот на Република Македонија, со амандманот 19, веќе измина една година па се наметнува и потребата од што побрзо елиминирање на можноста за злоупотреба и повреда на човековите права и слободи, што за мене е од особена важност. Затоа го поддржувам донесувањето на овој закон.

За поздравување е што текстот на Предлогот на законот е изготвен со компаративни анализи, спроведена е широка јавна расправа со учество на експерти, пратеници од опозицијата и позицијата, експертски групи од Германија, Словенија, Советот на Европа а исто така истите се произнеле позитивно по самиот текст на законот.

Заради запознавање на пошироката јавност мора да се каже дека со донесување на закон за следење на комуникациите ќе се овозможи да се врши следење на комуникации само врз основа на одлука на суд, со точно пропишана постапка, со концизно утврдени услови кога е тоа неопходно, заради спречување или откривање на кривични дела, заради водење кривични постапки или кога тоа го бара безбедноста и одбраната на Република Македонија.

Потребата од донесување на законот за следење на комуникациите е во непосредна врска и со потребата за контрола на влијанието на државата, на нејзиното право за отстапување од начелото на слобода и неповредливост на комуникациите, да се подведе под цврста законска рамка, со децидно утврдени одредби, со цел да се обезбеди правна заштита на правото на приватност на граѓаните како и ефикасно да се одговори на современите облици на криминал што во последно време навистина се во подем.

Со донесувањето на овој закон очекувам во иднина, навистина да се зголеми ефикасноста во борбата против современите облици на криминал,  што беше и основ за потребата од донесување на овој закон. Сакам да го одбележам и тоа што Владата, односно претставниците на Министерството за внатрешни работи ги прифатија скоро сите забелешки што беа изнесени од страна на нас пратениците во

Комисијата за одбрана и безбедност, со што навистина се утврдува цврстата рамка со која што ќе се ограничат потенцијалните можности за злоупотреба во сферата на приватноста на човекот и граѓанинот од страна на државните органи, што практично и ќе го реализираат овој закон.

Бидејќи е многу кажано, јас, во мојата дискусија, на крајот сакам да завршам и да го искажам својот револт од неработењето на Комисијата за контрола на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање, како матична комисија што требаше да го даде најголемиот придонес за ваков важен закон. Мислам дека ова е основен закон што оваа комисија требаше добро да го разработи. Затоа очекувам од Комисијата за избори и именувања што побрзо на овој Парламент да му предложи нов претседател, бидејќи од членовите на оваа Комисија веќе на 18 септември имаме поднесено барање до претседателот на Собранието за замена на претседателот, кој за ваше информирање, сигурно знаете, дека доаѓа од страната на опозицијата.

На крајот, сакам да ја искористам можноста, колегата Караџоски ја напушти салата, да му кажам за казнените одредби, иако јас не сум правник по професија. Но, мислам дека колегата Караџоски заборави дека ние имавме измени на Законот за кривична постапка, каде добро се сеќавам министерот за правда укажа дека во тогашните измени се изменуваат и постапките односно е пропишана можноста за прислушкување.

Тоа го потврдувам дека колегата, дали намерно или ненамерно тоа го искажа, што нема ниту еден амандман од страна на колегите од опозицијата за овој закон. Дури, за одбележување и за запознавање на колегите, сакам да ви укажам дека на Матичната комисија за одбрана и безбедност немаше ниту еден придонес, не се даде од страна на опозицијата. Опозицијата остана без предлози и забелешки и потврди дека ќе го гласа законот во оваа фаза.

Благодарам.

(Во отсуство на претседателот, со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието, г-ѓа Лилјана Поповска).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Има збор господинот Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Ви благодарам.

Навистина, денеска имаме еден многу значаен закон пред нас што е од интерес на самата држава, така како што се наведува во самиот закон за кој што говориме. Но, голем е интересот и во однос на одбраната и заштита на граѓаните, од нарушување на нивната приватност, на нивниот живот. Затоа, за уставните измени имаше еден широк консензус од политичките партии, бидејќи за измена на Уставот оклу прислушувањето, со измените што се направија со амандманот 19 на Уставот на Република Македонија  кој се донесе во ова Собрание.

Но, рековме обврска, бидејќи се менува членот на Уставот, тогаш произлегува да се изготви еден закон за тоа како ќе се регулира, како ќе се санкционира ова прашање од законски аспект, за да не се повредуваат правата и слободите на човекот, а од друга страна извршувајќи работи или прашања кои се потребни да се оствари истото.

Еве, денеска имаме еден Предлог на закон за донесување на закон за следење на комуникациите, со Предлог на закон, со кој што се регулира начинот како ќе се врши прислушувањето во Република Македонија и кој е тој кој дава дозвола за лице или субјект што треба да се прислушкува и во однос на контролата, кој е контролниот механизам да не се злоупотреби правото што се дозволува со законот.

Во оваа насока би сакал да истакнам, а малку претходно и во самиот Предлог за измени на членот 19 од Уставот на Република Македонија, за измените што се направија, бидејќи ќе треба да бидеме внимателни, значи да бидеме внимателни, ние не можеме да изнајдеме механизам што ќе биде поволен или прифатлив за двете страни, за државата и за граѓанинот, но мора да се најде еден компромис или средина или механизам или формула што навистина нема да ги оштети интересите на граѓаните од една страна, а од друга страна вршејќи ја или остварувајќи го барањето што е дадено од страна на државата, посебно кога се во прашање поголемите државни интереси и дела што се нелегални, значи криминални дела што треба да бидат како аргумент пред судовите на Република Македонија.

Под едно, треба да ни биде јасно, да не мислиме дека и без донесувањето на овој закон и без измените на членот од Уставот, ние не сме биле прислушувани. Ова ќе биде една игра доколку се рече дека еве сега отпочнува фазата или дека е ова нова етапа во Република Македонија. Прислушувањата биле и ќе бидат присутни. Но, до сега, прислушувањата што се вршени од страна на државните институции, не биле аргумент пред судовите. Додека сега, од сега и натаму, кога ова прашање ќе го

легализираме со закон, ова ќе биде еден аргумент пред судијата за дело што извршило одредено лице или одреден субјект. Значи, разликата е само во ова.

И сега, имаме една друга разлика. До сега и доколку има злоупотреба на својата должност, доколку се употребени инструментите што се ставени на располагање, Управата за безбедност  контраразузнавање во Министерството за внатрешни работи инаку УБК, тогаш не било ова голема штета, бидејќи не можело да се направи некоја штета пред судските органи. Додека денеска, значи говорам денеска, навистина може да се докаже пред судот за вината, или за делото или за сторување на нелегално кривично дело што го има сторено лицето или субјектот.

Јас имам една голема дилема, првенствено говорам како граѓанин на Република Македонија  а од друга страна не можам да го негирам фактот дека сум и Албанец. Во текот на овие минати години, во овие 12 или 14 изминати години знаете дека во УБК немало Албанец. Или, бројот на албанците бил многу мал. А, тие се најодговорните што го вршат прислушувањето на субјектите или на лицата во кои се сомнева. Мислам дека денеска е мал бројот на албанците токму во оваа институција, а ова е една институција што ги исполнува условите за да и веруваат сите граѓани на Република Македонија. Ако го имате во предвид тоа што сме го имале како досегашно искуство во овие 50 години, во времето на комунизмот, овие 14 изминати години во оваа демократија, верувајте ми дека граѓаните албанци многу малку ќе и веруваат на оваа институција доколку таа институција не направи длабоки реформи со кои што ќе се создаде институција рамноправна за сите граѓани на Република Македонија, без оглед на нивната етничка, верска и друга припадност.

Затоа, јас мислам дека сите закони што ќе ги донесеме, посебно и овој закон што денеска ни е на дневен ред, јас не знам како ќе функционира и како ќе се употребува овој закон се додека граѓаните немаат доверба во институците што токму го изготвуваат и го прислушуваат и ќе работат врз основа на овој закон што ние денеска треба да го донесеме, или можеби ќе го донесеме друг ден.

Затоа, јас мислам дека во оваа насока ќе треба да бидеме внимателни како Парламент, како Влада. Навистина да ги направиме потребните реформи, посебно во УБК или во Управата за безбедност и контраразузнавање, во Мнистерството за внатрешни работи и да има пропорционално учество на албанците во  оваа државна институција. Не велам за оние кои се пар-тајм или кодоши кои го информираат УБК. Говорам за луѓе надлежни кои треба да бидат вработени во УБК за бројот на

албанците да биде толку колку што треба според Рамковниот договор и Уставот на Република Македонија.

Нема никако да се согласам со Предлогот на законот доколку има еден член кој што навлегува во приватноста, во собата, во домот на човекот, таму каде што тој спие. Ова е неприфатливо за граѓанинот. Ова ги нарушува сите права и слободи на човекот. Ќе дадам само еден пример.

Во Федерална Република Германија, Сојузна, доколку еден сопственик едно возило со приколка, возилото, државата има право или Министерството за кое што говориме има право да го прислушкува. Додека, во приколката нема право да му стави ниту еден механизам или инструмент за да го прислушкува. Знаете ли зошто, тоа се именува како место за живеење. Јас не знам дали сум преведен добро, зборувам за камп приколка. Значи, овде треба да бидеме внимателни.

Ќе поставам уште едно прашање. Доколку соодветниот орган сака да навлезе во домот на една личност и да смести механизам за прислушкување, јас ќе го прашам соодветниот орган како ќе го спроведете ова, како ќе влезете во домот на лицето. Ќе внесете разбојник, крадец за да влезе таму и да го монтира механизмот што треба да го прислушкува? Ќе влезете насилно или ќе придобиете некој член на неговото семејство? Значи нема друг начин.

Затоа е недозволиво и затоа ќе апелирам до сите граѓани да не гласаме вакви работи што ќе внесат и раздор внатре во самите семејства, што ќе ја нарушат приватноста на личноста. Ова е нешто недозволиво. Министерството има свој орган, има начини како да го прислушкува лицето и во неговиот дом. Знаеме дека науката и техниката напредува. Ти можеш да го слушаш и комшијата или одредено лице што говори во својот дом и неговото семејство.

Но, уште еднаш ќе го поставам прашањето кој е механизмот, кој е патот и начинот со кој што соодветниот орган ќе го смести механизмот за прислушување во спалната соба на една личност. Навистина го поставувам ова прашање и некој треба да ми одговори. Еве, го имате членот 10 каде што се вели, и тоа ќе го прочитам на македонски - “Да се влезе во дом или други простории или во превозни средства заради инсталирање, одржување, употреба или отстранување на средството за следење на комуникациите”. Како ќе се влезе? Тоа не ми е јасно. Верувајте не ми е јасно. Кој ќе влезе?

Ќе влезе полицаец во униформа? Сигурно не, бидејќи сопственикот на куќата тогаш ќе знае дека се прислушкува. Значи тоа е невозможно. И сега прашувам како?

Незнам, преку ајдуци. Нема да бидеш дома, ќе ти прати еден ајдук дома, ќе ти стави апарат за прислушкување, ама и ќе ти краде дома. Или, ќе најде некој член од фамилијата да шпиунира дома. Јас незнам како. Или, ќе ви кажам една случка што настанала после Втората светска војна. Некој што не бил со партизаните и сакал сопствената жена да му каже, и рекол жено јас сега треба да се приклучам кон партизаните и д апочнеме нов живот. Кога тоа и го кажал во собата биле само тој и женаму. Утрината полицијата тропа на врата, влегува и вели господине треба да дојдеш во полиција на информативен разговор. Тој оди таму и го прашуваат каде беше ти синојка. Тој им одговара бев дома со жената. Го прашуваат кој друг беше во собата. Тој им одговорил никој. Го прашуваат дали со жената си разговарал вака и вака. Тој им одговорил да. И ги прашал од каде вие знаете, бидејки знаел дека женаму од дома не излегла. Значи и во тоа време имало апарати за прислушкување. Затоа да не се случи и сега тоа.

Навистина тоа е една појава која треба добро да се изанализира. На овој начин, бидјеки ние треба да се прилагодиме на европското законодавство, бидјеки претендираме да бидеме членка на ЕУ и структурите на НАТО, треба целото наше законодавство да го прилагодиме на ЕУ, бидјеки треба да се бориме против организираниот криминал, а овие прашања се за држава која претендира да има перспектива во иднина и да биде членка на евроатланските структури, треба да ги донесе овие закони, но треба да бидеме внимателни да не го повредиме правото и слободата на човекот, донесувајки еден закон кој ќе го обезбеди државниот интерес, но ќе ги повреди правата и слободите на човекот.

Друга забелешка е во контролата која треба да се направи од страна на Парламентот, што е регулирано и санкционирано со закон. До колку мислите дека треба да има некоја парламентарна контрола, само колку да ја има во УБК, мислам дека ова ни е попусто, бидејки комисиите кои го контролираа досега работењето на УБК и МВР, немале ниту еден успех, бидејки тоа што и се нуди на Комисијата, таа само тоа може да го види, друго не може да побара. До колку парламентарната Комисија нема одврзани раце за тотална контрола на работењето на Министерството или на УБК, тогаш сигурно дека нема да има успех оваа Комисија и ќе се злоупотреби законот што ќе го донесеме. Било да е Комисијата мешана, двајца од опозицијата, двајца од позицијата, така како е предвидено со законот, да има пет члена, гледајки го односот на оваа институција кон другите институции, парламентарната Комисија нема да има успех во тој правец, бидејки во таа управа

има луѓе од разни ешалони, луѓе кои се таму од 1945 до 2004 година. Таа Управа треба од основа да се реформира. Тука има политички оптоварени луѓе, етнички па и верски, како сакате. Јас мислам дека таму нема успех, тамо има изразено доста национализми што треба еднаш за секогаш да исчезнат. Парламентарната Комисија што ќе ја формираме треба да биде моќна и се што ќе побара таа Комисија, Управата треба да и го даде на увид. Јас сум имал случаи, со мои колеги, тоа што сме го барале Управата рекла ние не сме спремни да ви го поднесеме и да ве информираме вас пратениците за се што вие ќе поднесете како барање. Затоа парламентарната Комисија треба да биде моќна и да биде таа што ќе направи децидна контрола, но нема да си дозволи никој да ја злоупотреби должноста што ја имаат во таа институција. Верувајте ми, злоупотреби ќе има, како што и имало. Да ви кажам, за нас албанците не е многу значајно дали тоа сме го санкционирале со закон, бидјеки ние секогаш сме биле прислушкувани, но немало проблеми, заправо не ни било добро кога сме биле прислушкувани. Но, денес да се прислушкува со закон и без судска одлука, компетентни луѓе ќе го злоупотребуваат тоа.

(Реакции од пратеникот Жарко Караџоски).

После моето излагање имате право на реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете г-дине Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Тоа беа забелешките што сакав да ги изнесам по законот за кој расправаме кој треба да се земат впредвид, посебно за правото на домот и за парламентарната Комисија која ќе врши контрола врз оваа Управа за разузнавање и контра разузнавање односно УБК. Навистина треба да имаме предвид дека Управата во иднина треба да се реформира. Имено, оваа Управа треба да биде така конципирана, во неа да има сразмерност вокадровскиот дел и да има луѓе кои навистина ќе ја вршат својата должност, искрено и сериозно, ќе бидат сериозни во својата работа и нема да дозволат да се прават злоупотреби, бидејки таквите злоупотреби, знаете во 2000 година имаше афера прислушкување на функционери на Република Македонија. Затоа за да не ни се случат такви работи таа парламентарна Комисија што ќе се формира за надзор над работењето на Управата за безбедност и контраразузнавање треба да биде на ниво на својата должност и навистина да и се дадат надлежности кои и припаѓаат со закон, а не некој на

незаконски начин да му се спротивстви на барањето што треба да го поднесе Комисијата за да и одговориме.

Исто така, кога зборуваме за овој закон, треба да го имаме предвид фактот дека сите барања кои се поднесуваат од МВР, од Министерството за одбрана, преку Јавниот обвинител до основните судови и Врховниот суд, треба да вистина да се направат на време и судовите треба да бидат тие кои  добро ќе ги анализираат барањата на овие институции, дали треба да се дозволи прислушкувањето или не треба да се дозволи. Тоа е многу значајно, бидјеки вие знаете дека имаме една не сигурна состојба во Македонија. Јас не знам кој ќе биде тој судија кој ќе и се спротивстави на институцијата, или на странката. Затоа да создадеме услови и механизми за безбедност за да може институциите да функционираат така како што треба. Денес имаме корумпирано судство, но  какво судство сакаме кога не сме му создале услови да работи на добар и сигурен начин. Затоа мислам дека не е проблемот само во овој закон. Но, законите кои се донесуваат треба да се почитуваат, да почнеме да создаваме и други услови и да чекориме со реформите за да можеме тие закони што  ги донесуваме да ги иплементираме. Инаку ние овде можеме да донесеме незнам колку закони, законите може да се злоупотребуваат и да дојдеме до неприфатливи решенија за сите. Затоа мислам дека треба да направиме се за да го постигнеме тоа што е заеднички интерес, но без да го повредиме интересот на граѓанинот, правото и неговата слобода на комуникација.

Благодарам г-дине претседателе. Тука ќе застанам, бидејки работното време ни заврши.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Вејсели. Тоа што заврши работното време, значи, тоа што вие спомнавте дека денес нема да се донесе законот.

Продолжението од оваа седница ќе биде закажано дополнително.

(Седницата прекина со работа во 16,00 часот).